# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Јануари - Февруари 2023
Janar / Shkurt 2023



## ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## BNJVL

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

ПОШТАРИНА ПЛАТЕНА
ВО ПОШТА 1020 СКОПЈЕ



Почитувани,

Управниот одбор на ЗЕЛС, во текот на јануари - февруари оваа година, одржа три седници на кои беа разгледани актуелните предизвици со кои се соочуваат општините при спроведувањето на своите надлежности. Енергетската криза и високите сметки за електрична енергија експресно го празнат и онака оскудниот буџет на општините. Наместо поддршка, Владата на РСМ донесува одлуки со кои ги турка општините во уште поголем финансиски колапс. Таа е сосема запознаена со висината на финансиски средства со кои располагаат општините, па не е јасна причината за нејзиниот игнорантски однос кон локалната власт. Општините сè помалку можат да го издржат натамошното субвенционирање на електричната енергија со цел да не им се покачат сметките на граѓаните за услугите што им ги обезбедуваат. Во таа насока, на седниците на Управниот одбор се отвораат и дискусии за откажување од одредени надлежности, особено од оние за кои во континуитет не добиваат соодветни дотации. Владата, дури по 10 месеци испрати своја верзија на предлог-текстот од ЗЕЛС за склучување на нов Меморандум за соработка, во чија содржина изостануваат значајни сегменти кои се однесуваат на заемните заложби за дополнителна финансиска децентрализација, за таканаречените „буџетски преговори“ и други важни содржини. Предмет на дискусија на Управниот одбор беше и работната верзија на текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство.

Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Општина Кисела Вода, на 14. седница на УО беше избран за нов претседател на ЗЕЛС. Потпретседателите на ЗЕЛС остануваат на истата позиција, а досегашната претседателка на ЗЕЛС, Данела Арсовска, градоначалничка на Град Скопје, продолжува со активностите во ова тело, како член на Управниот одбор. На 15. седница, Управниот одбор донесе Одлука за промена на член на ова тело, доколку трипати последователно не присуствува на седниците.

На вкупно 25 модератори на форуми во заедницата, кои успешно го минаа процесот на лиценцирање, им беа доделени сертификати. Имињата на сите сертифицирани модератори се објавени на веб-страницата на ЗЕЛС (https://zels.org.mk/page/forumski-moderatori) од каде што општините може да го изберат најсоодветното лице за спроведување на форумските сесии во својата општина. Управниот одбор на ЗЕЛС донесе и одлука со која го регулираше процесот на сертифицирање, при што се утврди времетраењето на оваа лиценца за период од пет години .

По катастрофалниот земјотрес што ги зафати подрачјата на Турција и Сирија, на 6 февруари 2023 година, единиците на локалната самоуправа покажаа вистинска хуманост и обезбедија голема парична и материјална помош за настраданото население.

ЗЕЛС организираше и други настани за кои подетално може да прочитате во овој број на Гласило на ЗЕЛС.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Bordi drejtues i BNJVL-së, gjatë muajit janar dhe shkurt, realizoi tre seanca në të cilat u shqyrtuan sfidat aktuale me të cilat ballafaqohen komunat gjatë zbatimit të kompetencave të veta. Kriza energjetike dhe faturat e larta për energji elektrike përshpejtojnë dukshëm buxhetin edhe ashtu të „shterur” të komunave. Në vend të përkrahjes, Qeveria e RMV miraton vendime me të cilat i shtynë komunat në kolaps edhe më të madh financiar. Qeveria është mirë e informuar me lartësinë e mjeteve financiare me të cilat disponojnë komunat, prandaj edhe nuk është e qartë arsyeja për sjelljen e saj injoruese ndaj pushtetit lokal. Komunat gjithnjë e më pak mund t'a bartin subvencionim e energjisë elektrike me qëllim të mos u rriten faturat e qytetarëve për shërbimet që i siguron. Në këtë drejtim, në seancat e Bordit drejtues hapen edhe diskutime për heqjen dorë nga disa kompetenca, veçanërisht prej atyre për të cilat në vazhdimësi nuk marrin dotacione adekuate. Qeveria, pas 10 muajsh dërgoi versionin e saj të propozim-tekstit nga BNJVL për lidhjen e një Memorandumi të ri për bashkëpunim, në përmbajtjen e të cilit anashkalohen segmente të rëndësishme të cilat miratohen në përpjekjet e ndërsjella për decentralizim plotësues financiar, për të ashtuquajturat „negociata buxhetore dhe përmbajtje tjera. Lënda e diskutimit të Bordit drejtues ishte edhe versioni punues i tekstit të Propozim-Ligjit për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për zjarrfikës.

Orce Gjorgjievski, kryetari i komunës së Kisella Vodës, në seancën e 14 të BD u zgjodh edhe për kryetar të BNJVL-së. Nënkryetarët e BNJVL-së ngelen në pozitën e njëjtë, ndërsa kryetarja e deritanishme e BNJVL-së, Danella Arsovska, kryetare e Qytetit të Shkupit, vazhdon me aktivitetet në këtë trup si anëtar i Bordit drejtues. Në seancën e 15 Bordi drejtues, miratoi Vendim për zëvendësim të anëtarit në këtë trup nëse tre here me radhë mungon në seanca.

Gjithsej 25 moderatorëve të forumeve në bashkësi, të cilët me sukses kaluan procesin e licencimit, i'u ndanë certifikata. Emrat e të gjithë moderatorëve të licencuar janë publikuar në ueb-faqen e BNJVL-së (https://zels.org.mk/page/forumski-moderatori) prej ku komunat mund të zgjedhin person më adekuat për zbatimin e sesioneve të forumeve në komunën e tyre. Bordi drejtues i BNJVL-së miratoi edhe vendim me të cilin e rregulloi procesin e certifikimit, me ç'rast u përcaktua kohëzgjatja e licencës për periudhën prej pesë vitesh.

Pas tërmetit katastrofik që i kaploi rajonet e Turqisë dhe të Sirisë, më 6 shkurt 2023, njësitë e vetëqeverisjes lokale shfaqën humanizëm të vërtetë dhe siguruan ndihmë më të madhe në para dhe ndihmë materiale për popullatën e prekur nga kjo fatkeqësi. BNJVL organizoi edhe ngjarje tjera për të cilat më detajisht mund të lexoni në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

Dushica Perishiq,
drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Арта Абази
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка и печатење:** Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „ Kopenhagenska” nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Arta Abazi
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje shtyp:** Evropa 92

# ИЗНАОЃАЊЕ НА НОВИ РЕШЕНИЈА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА - ДИСКУСИЈА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ТРИНАЕСЕТТАТА СЕДНИЦА

Владата во континуитет има игнорантски однос кон единиците на локалната власт за сите предизвици со кои тие се соочуваат, а особено за предизвиците поврзани со справувањето со енергетската криза. Наместо поддршка, таа донесува одлуки со кои ги турка општините во уште поголем финансиски колапс. Веќе една година високите сметки за електрична енергија експресно го празнат и онака оскудниот општински буџет, што е особено алармантно кај помалите општини. Сите предлог-решенија што општините, преку ЗЕЛС, ги упатија до Владата за заемно дејствување во насока на справување со кризата и обезбедување на непречено спроведување на услугите за граѓаните за снабдување со вода за пиење, јавно осветлување, загревање на училиштата и друго, наидуваат на игнорирање. Па така, од 1 јануари 2023 година, општините кои претходно имаа формирано комунални претпријатија за јавно осветлување, струјата ќе ја снабдуваат од страна на снабдувачот, во краен случај, по цени кои се 20 % повисоки од пазарните, сè до обезбедување нов добавувач на струја преку тендерска постапка, за што постои оправдана загриженост дали воопшто некој ќе се пријави на распишаните тендери од општините. Тоа значи дека општините ќе продолжат со субвенционирањето на електричната енергија за услугите што им ги испорачуваат на своите граѓани, за да не се покачат сметките на граѓаните. Всушност, општините го прават тоа повеќе од една година и се спремни да продолжат и понатаму, но само доколку добијат поддршка од Владата за заемно решавање на овој предизвик. Општините се доведени до оваа состојба бидејќи електричната енергија за обезбедување на јавни услуги ја плаќаат по тарифа како да се профитни претпријатија, што е несфатливо, а пред сè поради тоа што, генерално, тие воопшто не добиваат доволно средства за спроведување на префрлените надлежности од централната власт и се финансиски најзависни општини во целиот регион. Во време на криза

# GJETJA E ZGJIDHJEVE TË REJA PËR MENAXHIM ME KRIZËN ENERGJETIKE-DIKSUTIM I ZHVILLUAR NË BORDIN DREJTUES NË SEANCËN E TREMBËDHJETË

Qeveria në vazhdimësi ka një qëndrim injorues ndaj njësive të pushtetit lokal për të gjitha sfidat me të cilat ballafaqohen, ndërsa veçanërisht për sfidat lidhur me menaxhimin me krizën energjetike. Në vend të përkrahjes, ajo merr vendime me të cilat shtyhen komunat në një kolaps edhe më të madh financiar. Tashmë një vit faturat e larta për energji elektrike i zbrazin shpejtë buxhetet komunale që edhe ashtu janë të zbrazëta, e veçanërisht është alarmante te komunat më të vogla. Të gjitha propozim-zgjidhjet që komunat përmes BNJVL-së i drejtuan në Qeveri për veprim të ndërsjellë në drejtim të menaxhimit me krizën dhe sigurimi i zbatimit të papenguar të shërbimeve për qytetarët për furnizim me ujë për pije, ndriçimi rrugor, ngrohja e shkolla etj, çojnë drejt mospranimit dhe injorimit. Ka përshtypjen se Qeveria pret që komunat të shemben dhe qytetarët janë vetëm të komunave e jo të shtetit. Ndërsa komunat për ofrimin e këtyre shërbimeve publike paguajnë një çmim për energjinë elektrike sikur të jenë organizata fitimprurëse dhe jo se bëhet fjalë për ofrimin e shërbimeve publike. Pra, nga 1 janari 2023, komunat që kishin krijuar më parë ndërmarrje për ndriçimin publik, energjia elektrike do të furnizohet nga furnizuesi si mjet i fundit me çmime 20% më të larta se çmimet e tregut, derisa të sigurohet një furnizues i ri i energjisë elektrike përmes procedurës së tenderit, për çarsye ekziston shqetësim i arsyeshëm se a do të paraqitet dikush në tenderët e regjistruar nga komunat. Kjo do të thotë se komunat do të vazhdojnë të subvencionojnë energjinë elektrike për shërbimet që u ofrojnë qytetarëve të tyre, në mënyrë që të mos rriten faturat e qytetarëve. Në fakt, komunat e kanë bërë këtë për më shumë se një vit dhe janë të gatshme të vazhdojnë edhe më tutje, por vetëm nëse marrin mbështetje nga Qeveria për një zgjidhje reciproke të kësaj sfide. Komunat janë sjellë në këtë situatë, sepse ato paguajnë energjinë elektrike për ofrimin e shërbimeve publike sipas një tarife sikur të ishin ndërmarrje fitimprurëse, e cila është e pakuptueshme dhe mbi të gjitha sepse në përgjithësi nuk marrin fonde të mjaftueshme për t'i zbatuar kompetencat e transferuara nga pushteti qendror dhe janë komunat më të varfura financiarisht në mbarë rajonin. Në kohë krize








и осиромашување на граѓаните, на општините им се намалуваат и приходите од прибраните даноци и такси од граѓаните. На Владата сосема ѝ е познато со колкави средства располагаат општините, па не е јасна причината за нејзиниот игнорантски однос кон нив, особено за донесувањето одлуки со кои ги спречува сите активности што ги преземаат општините за да излезат од оваа криза и кои се во интерес на граѓаните.

**Дел од предлог-мерките - можност за откажување од надлежности за кои во континуитет општините не добиваат соодветни дотации**

Ова беа дел од размислувањата изнесени на 13. седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, што се одржа на 5 јануари 2023 година, во административната зграда на Заедницата, каде единствена точка на дискусија беше изнаоѓањето нови решенија за справување со енергетската криза. Досегашните активности на Управниот одбор на ЗЕЛС во оваа област не дадоа позитивни резултати и одговорноста за тоа е на сите членови на ова тело, па затоа дел од дискусијата на оваа седница беше насочена кон утврдување на нови мерки и идни чекори во правец на надминување на оваа состојба. Беше нагласено дека општините не ги користат доволно медиумите за да ја запознаат јавноста за сето она што се случува или да ги запознаат меѓународните институции и странски амбасадори за состојбата на локалната власт и процесот на децентрализацијата. Се дискутираше и за можноста од евентуално откажување на дел од досегашните надлежности, особено оние што претставуваат огромен финансиски товар за локалната власт, бидејќи за нивното спроведување, во континуитет, не добиваат ни приближно од потребните средства. Исто така, на разгледување беше поставена и можноста за натамошното неплаќање на сметките за електрична енергија, а како најнеповолна мерка беше спомената и евентуалната можност за зголемување на цената на услугите за улично осветлување, како и на други комунални услуги, особено услугата за вода за пиење, каде што потрошувачката на електрична енергија за работа на пумпите е огромна.

dhe varfërimi të qytetarëve, të ardhurat e komunave ulen nga taksat dhe tarifat e mbledhura nga qytetarët. Qeveria është plotësisht e vetëdijshme për sasinë e mjeteve në dispozicion të komunave, prandaj nuk është e qartë arsyeja e qëndrimit të saj injorues ndaj komunave, veçanërisht në lidhje me marrjen e vendimeve që pengojnë të gjitha aktivitetet që komunat ndërmarrin për të dalë nga kjo krizë dhe janë në interes të qytetarëve.

**Një pjesë e propozim-masave njëkohësisht edhe mundësi për heqje dorë nga kompetencat për të cilat komunat nuk marrin në vazhdimësi subvencione adekuate**

Këto ishin pjesë e opinioneve të paraqitura në seancën e 13-të të Bordit të drejtorëve të BNJVL-së, e cila u mbajt më 5 janar 2023 në ndërtesën administrative të BNJVL-së, ku e vetmja pikë e rendit të ditës ishte kriza energjetike. U theksua se përkundër faktit se kriza energjetike ishte temë kryesore e diskutimit pothuajse në çdo një nga 11 takimet që Bordi drejtues i BNJVL-së i kishte në vitin e kaluar, nuk pati rezultate pozitive për komunat. Përkundrazi, situata sa vjen e përkeqësohet. U theksua se përgjegjësia është e të gjithë anëtarëve të Bordit drejtues për shkak se metodat e mëparshme të veprimit përmes BNJVL-së nuk dhanë fryte, andaj një pjesë e diskutimit në këtë seancë kishte për qëllim që të themelohen metodat e reja dhe hapat e ardhshëm që BNJVL duhet t'i ndërmerr lidhur me këtë çështje. U theksua se komunat nuk e shfrytëzojnë sa duhet mundësinë për të informuar publikun përmes mediave për gjithçka që po ndodh apo për të informuar ambasadorët për të gjitha këto sfida me të cilat po përballen. U diskutua edhe për mundësinë e anulimit të disa nga kompetencat, veçanërisht ato që paraqesin një barrë të madhe për pushtetin lokal, pasi në vazhdimësi nuk marrin as mjetet e nevojshme për zbatimin e tyre. U shqyrtua edhe mundësia e mospagesës së mëtejshme të faturave të energjisë elektrike dhe si masë më e pafavorshme u përmend mundësia e mundshme e rritjes së çmimit të shërbimeve të ndriçimit rrugor, por edhe të disa shërbimeve të tjera komunale, veçanërisht shërbimi i ujit për pije, ku konsumi i energjisë elektrike për funksionimin e pompave është tejet i madh.






## РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МОДЕЛИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА МАЛЦИНСТВАТА И РАНЛИВИТЕ ГРУПИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН“

Околу педесет претставници од општинската администрација од земјите од регионот: Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија и Косово, како и претставници од општинските асоцијации и од невладиниот сектор од овие држави, учествуваа на регионалната конференција „Модели за вклучување на малцинствата и ранливите групи во Западен Балкан – споделување на знаења и препораки за подобрено креирање политики“, што се одржа на 17 и 18 јануари 2023 година, во Скопје. Посебен фокус во дискусиите беше ставен на важноста на локалната власт за развивање и имплементација на политики и мерки за социјална инклузија, со цел вклучување на ранливите групи во заедниците и обезбедување на социјална кохезија на локално ниво, каде посебно место им беше дадено на форумот за социјален дијалог, општинскиот претставник за малцински прашања и права и на управувањето со различностите.

Од нашата земја, своите искуства ги презентираа општините Пробиштип и Битола. Па така, за зајакнување на капацитетите на општинскиот совет за социјална заштита и за активно дејствување и креирање на политики за социјална заштита на локално ниво, говореа претставниците од Општина Пробиштип. Општина Битола ги презентираше искуствата од спроведувањето на социјалното мапирање на лицата со попреченост и интегрирањето на клучните наоди од мапирањето во локалните политики, јакнењето на капацитетите на општинскиот совет за социјална заштита, а беа презентирани и бројните социјални услуги што ги финансира општината.

Конференцијата беше реализирана во рамките на проектот „Проширување на моделите за вклучување на малцинствата и зајакнување на испораката на услуги во општинските структури во Западен Балкан“, имплементиран од НАЛАС, а финансиран од германското Сојузно министерство за економска соработка и развој (BMZ) и сојузната покраина Шлезвиг Холштајн во рамките на програмата „Германската влада и сојузната државна пилот-програма - BLP“ преку Германското друштво за меѓународна соработка (Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit - GIZ).

## KONFERENCA RAJONALE ,,MODELE PËR PËRFSHIRJEN E MINORITETEVE DHE GRUPEVE TË NDJESHME NË BALLKANIN PERËNDIMOR”

Rreth pesëdhjetë përfaqësues nga administrata komunale nga vendi dhe rajoni; Maqedonia e Veriut, Serbia, Bosnja dhe Hercegovina, Shqipëria dhe Kosova si dhe përfaqësuesit e asociacioneve komunale dhe nga sektori qeveritar nga këto shtete pjesëmarrëse në konferencën rajonale ,,Modele për përfshirjen e minoriteteve dhe grupeve të ndjeshme në Ballkanin Perëndimor– shkëmbimi i diturive dhe rekomandimeve për krijim të përmirësuar të politikave” që u mbajt më 17 dhe 18 janar 2023 në Shkup. Fokus i veçantë i diskutimeve u vendos në rëndësinë e pushtetit lokal për zhvillimin dhe implementimin e politikave dhe masave për inkluzion social me qëllim të përfshirjes së grupeve të ndjeshme në bashkësi dhe sigurimi i kohezionit social në nivel lokal, ku vend i veçantë u dha: forumit për dialog social, përfaqësuesit komunal për çështje të minoriteteve dhe të drejtat dhe menaxhimi me diversitetin.

Nga vendi jonë, komunat e Probishtipit dhe Manastirit prezantuan përvojat e tyre. Kështu, përfaqësuesit nga Komuna e Probishtipit folën mbi përforcimin e kapaciteteve të këshillit komunal për mbrojtje sociale dhe për veprim aktiv dhe krijimin e politikave për mbrojtje sociale në nivel lokal. Komuna e Manastirit prezantoi përvojat e realizimit të hartës sociale të personave me aftësi të kufizuara dhe integrimin e gjetjeve kryesore nga hartëzimi në politikat lokale, përforcimin e kapaciteteve të këshillit komunal për mbrojtje sociale dhe shërbimet e shumta sociale të financuara nga u prezantuan edhe komuna.

Konferenca u realizua në kuadër të projektit ,,Zgjërimi i modeleve për përfshirjen e minoriteteve dhe përforcimi i ofrimit të shërbimeve në strukturat komunale në Ballkanin Perëndimor”, zbatuar nga NALAS, dhe financuar nga Ministria Federale Gjermane për Bashkëpunim Ekonomik dhe Zhvillim (BMZ) dhe Shtetit Federal Schleswig Holstein në kuadër të programit ,,Qeveria Gjermane dhe Programi Pilot i Shtetit Federal - BLP" përmes Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ).



## СРЕДБА НА РАКОВОДСТВОТО НА ЗЕЛС СО ЕВРОАМБАСАДОРОТ ДЕЈВИД ГИР

Претседателот на ЗЕЛС, Данела Арсовска, и потпретседателот, Висар Ганиу, на 25 јануари 2023 година, имаа средба со амбасадорот Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на Европската Унија во нашата земја. Поради неодложни обврски, на овој состанок, што беше организиран на барање на ЗЕЛС, не успеа да присуствува и потпретседателот, Перо Костадинов. Амбасадорот беше запознаен со сите активности што ги презема ЗЕЛС за подобрување на финансиската стабилност на локалната власт и развој на децентрализацијата; за разговорите на ЗЕЛС со Владата околу потребата за поддршка на општините во справувањето со енергетската криза, како и за потребата за зголемување на поддршката на општините со средства од европските фондови во сите сегменти, особено во напорите за зголемено искористување на обновливите извори на енергија.

На почетокот на разговорот беше нагласена лошата финансиска состојба, што во основа произлегува од недоволната финансиска стабилност на единиците на локалната самоуправа. Општините, во континуитет, преку ЗЕЛС, укажуваа дека средствата што ги добиваат во какви било трансфери од централната власт не се доволни да ги покријат ниту потребите за редовно одржување на услугите, а не пак за нивно подобрување или справување со вонредни состојби, како што е актуелната светска енергетска криза. Беше нагласено дека наместо децентрализација, сè повеќе се спроведуваат активности за централизирање на надлежностите. Општините не добиваат доволно финансиски средства за спроведување на префрлените надлежности за нормално функционирање, па затоа се присилени да одвојуваат дополнителни финансии од своите скромни буџети, за да не ги оставаат граѓаните без основни услуги.

Како втора точка во дискусијата беше нагласен третманот на општините во поглед на цената на струјата, особено на уличното осветлување. Станува збор за огромни средства што треба да им се исплатат на компаниите за испорака на електрична енергија од отворениот пазар, во споредба со минималните средства што општините ги добиваат на име на комунална такса за јавно осветлување. Беше нагласено дека ЗЕЛС веќе подолг период им укажува на Владата и на Министерството за финансии за потребата од итна измени во Законот за комунални такси, а на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги дека е потребно во најновиот тарифник да ја предвидат и цената за јавно осветлување, но досега, не се донесени никакви решенија. ЗЕЛС испрати допис и до Министерството за економија, со барање да им се овозможи на општините да купуваат електрична енергија од ЕСМ, државна компанија која произведува електрична енергија, по производствена цена, но и оттаму, повеќе од еден месец нема никаков одговор.

Евроамбасадорот Гир нагласи дека Европската Унија и понатаму е силен партнер на нашата земја, при што посебно внимание е посветено на поддршката на локалната власт за развивање на процесот на децентрализација и подобрување на услугите кон граѓаните. Исто така, беше посочено дека Делегацијата на ЕУ во нашата земја, при оценувањето на напредокот на Република Северна Македонија за членство во Унијата, будно ќе го следи напредокот на процесот на децентрализацијата и обезбедувањето финансиска стабилност на општините, во согласност со Европската повелба за локална самоуправа.

## TAKIM I KRYESISË SË BNJVL-SË ME EURO-AMBASADORIN DEJVID GIR

Kryetari i BNJVL-së, Danella Arsovska dhe nënkryetari, Visar Ganiu, më 25 janar, 2023 patën takim me euro-ambasadorin David Gir, shef i Delegacionit të Bashkimit Evropian në vendin tonë. Për shkak të obligimeve të urgjente, në këtë mbledhje, që u organizua në kërkesë të BNJVL-së, nuk arriti të merr pjesë edhe nënkryetari Pero Kostadinov. Ambasadori u informua me të gjitha aktivitetet që i ndërmori BNJVL për përmirësimin e stabilitetit financiar të pushtetit lokal; për negociatat e BNJVL-së me Qeverinë rreth nevojës për përkrahjen e komunave në menaxhimin me krizën energjetike, si dhe me nevojën për rritjen e përkrahjes së komunave me mjetet nga fondet evropiane në të gjitha segmentet, veçanërisht në pjesën e përpjekjeve për rritjen e shfrytëzimit të burimeve përtëritëse të energjisë.

Në fillim të bisedimeve u theksua gjendje e keqe financiare në të cilën për momentin ndodhen e njësitë e pushtetit lokal, të shkaktuar para se gjithash nga kriza energjetike, që në bazë rrjedh nga stabiliteti i pamjaftueshëm financiar të njësive të vetëqeverisjes lokale. Komunat në vazhdimësi përmes BNJVL-së theksuan se mjetet të cilat i fitojnë në çdo lloj transferesh nga pushteti qendror nuk kanë të mjaftueshme t'i mbulojnë as edhe nevojat për mirëmbajtjen e shërbimeve, e lë për përmirësimin e tyre, ose menaxhimin me një krizë tejet të madhe energjetike. U theksua se në vend të decentralizimit, gjithnjë e më shumë realizohen aktiviteteve për centralizim të kompetencave. Komunat nuk marrin mjete të mjaftueshme financiare për zbatimin e kompetencave të transferuara për funksionim normal, prandaj komunat janë të obliguara të ndajnë financa plotësuese nga buxhetet e tyre modeste, me qëllim të mos i lënë qytetarët pa shërbime themelore.

Si pikë e dytë në diskutim u theksua trajtimi i komunave sa i përket çmimit të energjisë elektrike, veçanërisht ai që ka të bëjë me ndriçimin rrugor. Komunat janë të detyruara të vendosin kufizime në ndriçimin e rrugëve gjatë natës për të kursyer, pasi definitivisht nuk po mund t'a përballojnë këtë goditje financiare për shumë më gjatë. Bëhet fjalë për mjete të mëdha që duhet t'u paguhen kompanive të shpërndarjes së energjisë elektrike nga tregu i hapur, krahasuar me mjetet minimale që marrin komunat në emër të një tatimi komunal për ndriçimin publik. U theksua se BNJVL tashmë një periudhë të gjatë i ka vënë në dukje Qeverisë dhe Ministrisë për financave për nevojën e ndryshimeve urgjente në Ligjin për taksat komunale, si dhe Komisionit rregullativ për energjetikë dhe shërbime të ujit se është e nevojshme që në Tariforin më të ri të parashikojnë çmimin për ndriçimin publik, por deri më tani nuk është marrë asnjë vendim, por vetëm premtim se do t'i kushtohet vëmendje indikacioneve të tilla. BNJVL ka dërguar edhe një shkresë deri te Ministria për ekonomi, me kërkesë që komunat të blejnë rrymë nga ESM, kompania shtetërore që prodhon energji elektrike, me çmimin e prodhimit, por nuk ka përgjigje për më shumë se një muaj.

Euro-ambasadori Gir, theksoi se Bashkimi Evropian edhe më tej është partner i fuqishëm i vendit tonë, ku vëmendje e veçantë i dedikohet përkrahjes së pushtetit lokal dhe se në të ardhmen do të bëhen përpjekjet përkatëse për sigurimin e zhvillimit të procesit të decentralizimit dhe përmirësimin e kushteve për qytetarët. Gjithashtu u përmend se Delegacioni i BE-së në vendin tonë, gjatë vlerësimit të avancimit të Republikës së Maqedonisë së Veriut për anëtarësim në BE, me shumë vëmendje ndjek avancimin e procesit të decentralizimit dhe sigurimin e stabilitetit financiar të komunave, konform Kartës Evropiane për vetëqeverisje lokale.

## ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА ЕКСПРЕСНО ГИ ТРОШИ ОПШТИНСКИТЕ БУЏЕТИ, ВЛАДАТА И НАТАМУ БЕЗ РЕАКЦИИ

Управниот одбор на ЗЕЛС, на 30 јануари 2023 година, ја одржа 14. седница на која беа разгледани одредени актуелни прашања поврзани со надлежностите на единиците на локалната самоуправа и со предизвиците во соработката со Владата на РСМ. Наместо поддршка и заемно дејствување, Владата како намерно да ги остава општините да се доведат до финансиски колапс, бидејќи многу добро е запознаена дека финансиските ресурси со кои располагаат општините не се доволни ниту за редовно спроведување на префрлените надлежности, а не за справување со вакви огромни финансиски издатоци. Во таа насока, беше посочено дека општините не можат ниту еден месец повеќе да ја издржат оваа состојба и беше заклучено да се достави барање до Владата на РСМ за одржување на итна заедничка средба со членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС, најдоцна до 3 февруари 2023 година.

Присутните нагласија дека најголемиот предизвик настана со создавањето на правен вакуум, предизвикан со новиот Тарифник за утврдување на цената на електричната енергија донесен од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги во минатото лето, во кој, во согласност со директивите на Европската Унија, е изоставено утврдувањето на цена на електрична енергија за категоријата „улично осветлување". Во вакви услови, невозможно е да се применат одредбите од Законот за комунални такси кои се однесуваат на тарифата за улично осветлување. Но, наместо итна измена во овој Закон, се пристапи, повторно без основ, кон наплата на потрошената електрична енергија за улично осветлување, по цена утврдена во претходниот Тарифник, евидентно пониска. Со тоа, се предизвика голема штета за општините кои повеќе од шест месеци ја субвенционираат оваа ценовна разлика, што претставува дополнително оптоварување при и онака енормното зголемување на електричната енергија на пазарот. Општините презедоа повеќе мерки, како што се пренесување на броилата на јавните претпријатија или основаа нови субјекти, и со тоа ги исполнија условите од Законот за енергетика за да добијат третман на мали потрошувачи, а дел од општините се обидоа да направат заштеда и преку гасење на секоја втора светилка од уличното осветлување. Сите овие мерки не донесоа плод, со оглед дека со мерките што ги донесе Владата поврзани со

## KRIZA ENERGJETIKE ME SHPEJTËSI TEJET TË MADHE I SHPENZON BUXHETET KOMUNALE, QEVERIA EDHE MË TUTJE PA REAGIME

Bordi drejtues i BNJVL-së më 30 janar, 2023 mbajti seancën e 14 në të cilën u shqyrtuan shumë çështje aktuale lidhur me kompetencat e njësive të vetëqeverisjes lokale si dhe me sfidat në bashkëpunim me Qeverinë e RMV. Në vend të përkrahjes dhe veprimit të ndërsjellë, Qeveria si me qëllim i lë komunat të shkojnë në kolaps financiar pasi që shumë mirë është e informuar se resurset financiare me të cilat disponojnë komunat nuk janë të mjaftueshme as për zbatimin e kompetencave të transferuara, e jo për menaxhim me me shpenzime kaq të mëdha financiare. Në këtë drejtim u konkludua se komunat nuk mund as edhe një muaj më shumë të ballafaqohen me këtë gjendje, prandaj u propozua të dërgohet kërkesë në Qeverinë e RMV për mbajtjen e takimit urgjent me anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së, më së voni deri më 3 janar, 2023.

Të pranishmit theksuan se sfida më e madhe ka lindur me krijimin e vakumit ligjor, të shkaktuar nga Tarifa e re për përcaktimin e çmimit të energjisë elektrike e miratuar nga Komisioni rregullativ për energjetikë dhe shërbime të ujit gjatë verës së kaluar, në të cilën, konform direktivave të Bashkimit Evropian, përcaktimi është lënë jashtë çmimit të energjisë elektrike për kategorinë „ndriçim rrugor". Në kushte të tilla është e pamundur të zbatohen dispozitat e ligjit për tarifat komunale që i referohen tarifës për ndriçimin rrugor. Mirëpo, në vend të një ndryshimi të menjëhershëm të këtij ligji, është afruar sërish pa bazë, që energjia elektrike e konsumuar për ndriçimin e rrugëve të tarifohet me një çmim të përcaktuar në Tarifën e mëparshme, dukshëm më të ulët. Kjo i ka shkaktuar dëme të mëdha komunave që kanë më shumë se gjashtë muaj që e subvencionojnë këtë diferencë çmimi, që paraqet një barrë shtesë gjatë rritjes edhe ashtu tejet të lartë të energjisë elektrike në treg. Komunat morën disa masa, si transferimi i njehsorëve tek kompanitë publike ose themelimi i subjekteve të reja, dhe në këtë mënyrë plotësuan kërkesat e Ligjit për Energjinë për të trajtuar konsumatorët e vegjël dhe disa komuna u përpoqën të bënin kursime duke fikur çdo të dytën llambë nga ndriçimi rrugor. Të gjitha këto masa nuk dhanë fryte, duke qenë se me masat e Qeverisë lidhur me krizën e shpallur energjetike nuk mund të zbatohen të njëjtat dhe



прогласената енергетска криза, тие не можат да се применат, а Електродистрибуција изврши враќање на броилата од категоријата мали потрошувачи во редовни. Беше посочен и проблемот со неуспешните постапки за јавни набавки, за кои ниту еден оператор не е заинтересиран под услови за користење на ноќна тарифа на струјата да дистрибуира електрична енергија за улично осветлување. Апелите до Владата за поддршка и заедничко изнаоѓање на соодветни решенија за ублажување на катастрофалните последици по општините, останаа неодговорени, а одговор не достави ниту Министерството за економија, на барањето од ЗЕЛС упатено во декември минатата година, за организирање на заедничка средба на министерот со членови на УО.

**Потребно усогласување на содржината на текстот на Меморандумот за соработка меѓу Владата на РСМ и ЗЕЛС**

На дневен ред на оваа седница беше и дискусијата за доставената верзија од Владата на текстот од Меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и Владата на Република Северна Македонија, што ЗЕЛС ѝ го достави пред речиси една година. Управниот одбор на ЗЕЛС во првата четвртина од 2022 година утврди содржина на овој документ преку кој се продлабочува соработката меѓу локалната и централната власт. Вратената верзија на Меморандумот од Владата содржи суштински промени од предлогот на ЗЕЛС, со кои се бришат одредбите кои упатуваат на континуитет во соработката со претходно склучениот Меморандум од 2003 година. Исто така, во доставениот текст недостасуваат членовите кои се однесуваат на заемните заложби за дополнителна финансиска децентрализација, таканаречените „буџетски преговори“, за кои ЗЕЛС се залага долг период, а недостасуваат и повеќе одредби кои се однесуваат на урбанизмот, културата, образованието. На седницата беше предложено да се отвори дијалог преку кој двете страни ќе имаат можност да ги образложат своите ставови, за аргументирано да се усогласи содржината на текстот што ќе биде потпишана.

По доставеното барање од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за номинирање на претставник од ЗЕЛС во Постојаната советодавна група за консолидација на земјоделско земјиште, едногласно беше избран градоначалникот на Општина Карбинци, Виктор Паунов.

**Дискусија за работната верзија на текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство**

Присутните дискутираа и за доставената работна верзија на текстот на Предлог- законот за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство, од страна на Министерството за одбрана, подготвен од формирана работна група во која членуваат и претставници од стручната служба на ЗЕЛС. Работната верзија е доставена до сите општини и до противпожарните единици во нашата држава. Присутните беа запознаени со некои предложени новини, а особено големиот обем на активности кои со Законот се утврдуваат како обврска за командантот на противпожарната бригада на Град Скопје, кој се предвидува да има надзорни надлежности, да врши проверка на подготвеноста и капацитетот на останатите противпожарни единици во државата и за тоа да известува до надлежните органи, како и да предлага мерки за подобрување на состојбите. Со текстот, исто така, се предвидуваат права на стекнување со право на пензија, кои се разликуваат од останатите прописи со кои се уредува оваа материја, а не се предвидува ниту донесување на методологија за утврдување на висината на платите на пожарникарите,

Elektrodistribucioni i ktheu njehsorët nga kategoria e konsumatorëve të vegjël në konsumatorë të rregullt. Është vënë në dukje edhe problemi me procedurat e pasuksesshme të furnizimit publik, për të cilat asnjë operator nuk është i interesuar të shpërndajë energji elektrike për ndriçimin e rrugëve në kushtet e përdorimit të tarifës së natës së energjisë elektrike. Apelet drejtuar Qeverisë për përkrahje dhe gjetje të përbashkët të zgjidhjeve adekuate për zbutjen e pasojave katastrofike për komunat mbetën pa përgjigje, ndërsa Ministria për ekonomi nuk dha përgjigje as për kërkesën e BNJVL-së dërguar në dhjetor të vitit të kaluar për organizimin e një takimi të përbashkët i ministrit me anëtarët e Bordit drejtues.

**Harmonizim i nevojshëm me përmbajtjen e tekstit të Memorandumit për bashkëpunim midis Qeverisë së RMV dhe BNJVL-së**

Në rendin e ditës të kësaj seance ishte diskutimi i versionit të dorëzuar nga Qeveria për tekstin e Memorandumit për bashkëpunim ndërmjet BNJVL-së dhe Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, të cilin BNJVL e dorëzoi para gati një viti. Bordi drejtues i BNJVL-së në tremujorin e parë të vitit 2022 ka përcaktuar përmbajtjen e këtij dokumenti përmes të cilit thellohet bashkëpunimi ndërmjet pushtetit lokal dhe atij qendror. Versioni i kthyer i Memorandumit nga Qeveria përmban ndryshime thelbësore nga propozimi i BNJVL-së, me të cilat fshihen dispozitat që kanë të bëjnë me vazhdimësinë në bashkëpunim me Memorandumin e lidhur më parë nga viti 2003. Gjithashtu, në tekstin e dorëzuar mungojnë nenet që kanë të bëjnë me përpjekjet e ndërsjella për decentralizim shtesë financiar, të ashtuquajturat „negociatat për buxhetin”, për të cilat BNJVL avokon një kohë të gjatë, si dhe disa dispozita që kanë të bëjnë me urbanizmin, kulturën, arsimin. Në seancë u propozua hapja e dialogut përmes të cilit të dyja palët do të kenë mundësi të shpjegojnë qëndrimet e tyre, në mënyrë që të harmonizohet përmbajtja e tekstit që do të nënshkruhet.

Pas kërkesës së dorëzuar nga Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ujërave për emërimin e përfaqësuesit të BNJVL-së në Grupin e Përhershëm Këshillëdhënës për Konsolidimin e Tokës Bujqësore, unanimisht u zgjodh kryetari i komunës së Karbincit, Viktor Paunov.

**Diskutim për versionin punues të tekstit të Propozim-Ligjit për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për zjarrfikës**

Të pranishmit diskutuan edhe për versionin e parashtruar të tekstit të Propozim-Ligjit për zjarrfikës nga ana e Ministrisë për mbrojtje, të përgatitur nga grupi punues të formuar në të cilën marrin pjesë edhe përfaqësuesit e shërbimit profesional të BNJVL-së. Versioni i punës është dorëzuar në të gjitha bashkitë dhe njësitë zjarrfikëse në vendin tonë. Të pranishmit u njohën me disa risi të propozuara, e veçanërisht me vëllimin e madh të aktiviteteve që janë përcaktuar me ligj si obligim për komandantin e zjarrfikësve të Qytetit të Shkupit, i cili pritet të ketë kompetenca mbikëqyrëse, për të kontrolluar gatishmërinë dhe kapacitetet e njësive të tjera zjarrfikëse në shtet dhe të raportojnë për këtë tek organet kompetente, si dhe të propozojnë masa për përmirësimin e situatës. Teksti gjithashtu parashikon të drejta për të fituar të drejtën e pensionit, të cilat ndryshojnë nga rregulloret e tjera që rregullojnë këtë çështje dhe nuk parashikon miratimin e një metodologjie për përcaktimin e shumës së pagave të zjarrfikësve, si dhe përcaktimin e bazës dhe shuma e bllok-dotacionit për këtë kompetencë, që të dyja janë




## ОРЦЕ ЃОРЃИЕВСКИ, ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА, ИЗБРАН ЗА НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗЕЛС

Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Општина Кисела Вода, е новиот претседател на ЗЕЛС. Вака одлучи мнозинството членови на Управниот одбор на ЗЕЛС, на 14. седница, одржана на 30 јануари 2023 година. Потпретседателите на ЗЕЛС, Висар Ганиу, градоначалник на Општина Чаир и Перо Костадинов, градоначалник на Општина Валандово, остануваат на истата позиција, а досегашната претседателка на ЗЕЛС, Данела Арсовска, градоначалничка на Град Скопје, продолжува со активностите во ова тело, како член на Управниот одбор. Всушност, и според Статутот на ЗЕЛС, градоначалникот на Град Скопје по функција е член на Управниот одбор на ЗЕЛС.

Ѓорѓиевски им се заблагодари на членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС за укажаната доверба за избор за претседател на ЗЕЛС и нагласи дека силно ќе се залага за развој на децентрализацијата на власта, јакнење на финансиската стабилност и еднаков развој на сите единици на локалната самоуправа, без разлика на политичката припадност на нивните раководства, а во насока на обезбедување на поквалитетни услуги за граѓаните. Во својата изјава, Ѓорѓиевски ѝ се заблагодари и на Данела Арсовска за вложените заложби како досегашен претседател на ЗЕЛС.

## ORCE GJORGJIEVSKI, KRYETAR I KOMUNËS SË KISELLA VODËS, U ZGJODH PËR KRYETAR TË RI TË BNJVL-SË

Orce Gjorgjievski, kryetar i Komunës së Kisella Vodës është kryetari i ri i BNJVL-së. Kështu vendosi shumica e anëtarëve të Bordit drejtues të BNJVL-së në seancën e sotme të 14 me radhë (30 janar, 2023). Nënkryetarët e BNJVL-së: Visar Ganiu, kryetar u komunës së Çairit dhe Pero Kostadinov, kryetar i komunës së Vallandovës, mbeten në pozitën e njëjtë, ndërsa Danella Arsovska, kryetare e Qytetit të Shkupit vazhdon me aktivitetet në këtë trup, si anëtar i Bordit drejtues. Në të vërtetë edhe sipas Statutit të BNJVL-së, kryetari i Qytetit të Shkupit sipas funksionit është anëtar i Bordit drejtues të BNJVL-së.

Gjorgjievski i'u falënderua anëtarëve të Bordit drejtues të BNJVL-së për besimin e treguar për zgjedhjen e kryetarit të BNJVL-së dhe përmendi se fuqimisht synon zhvillimin e decentralizimit të pushtetit, përforcimin e stabilitetit financiar dhe zhvillimin e barabartë të të gjitha njësive të vetëqeverisjes lokale, pa dallim përkatësisë politike të kryesive të tyre, ndërsa në drejtim sigurimi të shërbimeve më cilësore për qytetarët. Në deklaratën e tij, Gjorgjievski i'u falënderua edhe Danella Arsovskës për përpjekjet e bëra si kryetar i deritanishëm i BNJVL-së.

како и утврдување на основот и висината на блок дотацијата за оваа надлежност, а обете се долгорочни барања на ЗЕЛС. Беше позитивно оценета одредбата за надополнување на изворите за финансирање на противпожарните служби од акцизата, во висина од 1 денар за секоја продадена кутија цигари на подрачјето на територијалната противпожарна единица и од надомест за огревно дрво во висина од 30 денари за секој кубик продадено огревно дрво на подрачјето на територијалната противпожарна единица. Управниот одбор ја поздравува иницијативата за измени и дополнување на Законот, нагласувајќи дека е потребна сеопфатна дебата за сите аспекти на новините преку процес на широка консултација со сите општини.

Управниот одбор, на оваа седница, донесе Одлука за изменување и дополнување на Тарифникот за користење на просториите и опремата на ЗЕЛС тренинг центарот од 2013 година, со која се утврдија нови цени усогласени со трендот на покачување на угостителските услуги за организирање на конференции, состаноци и други настани.

По завршувањето на дневниот ред, беше предложена нова, дополнителна точка, за избор на нов претседател на Управниот одбор на ЗЕЛС. По нејзиното прифаќање, присутните со мнозинство гласови се изјаснија нов претседател на ЗЕЛС да биде Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Општина Кисела Вода.

kërkesa afatgjata e BNJVL-së. Është vlerësuar pozitivisht parashikimi për plotësimin e burimeve të financimit të shërbimeve zjarrfikëse nga akciza, në vlerë prej 1 denar për çdo paketë cigare të shitur në zonën e njësisë territoriale zjarrfikëse, dhe nga kompensimi për dru djegës për ngrohje në shumën prej 30 denarë për çdo metër kub dru për ngrohje që shitet në territorin e njësisë territoriale zjarrfikëse. Bordi drejtues mirëpret iniciativën për ndryshimin e Ligjit, duke theksuar se nevojitet një debat gjithëpërfshirës për të gjitha aspektet të risive përmes një procesi të konsultimit të gjerë me të gjitha komunat.

Bordi drejtues në këtë seancë miratoi Vendim për ndryshimin dhe plotësimin e Tarifës për shfrytëzim të hapësirave dhe pajisjes së Qendrës së trajnimeve të BNJVL-së nga 2013, me të cilën u përcaktuan çmimet e reja të harmonizuara me trendin e rritjes së shërbimeve hotelierike për organizimin e konferencave, mbledhje dhe ngjarjeve tjera.

Pas përfundimit të rendit të ditës, u propozua pola e re, plotësuese, pas zgjedhjes së kryetarit të ri të Bordit drejtues të BNJVL-së. Pas pranimit të saj, të pranishmit me shumicë votash i deklaruan që kryetari i ri i BNJVL-së të jetë Orce Gjoergjievski, kryetar i Komunës së Kisella Vodës.

## ОБУКА ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИ РЕФОРМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСТА НА ПАТИШТАТА НА ЛОКАЛНО НИВО

Основни принципи и концепти за безбедноста на патиштата; Трендови во безбедноста на патиштата; Организациски мерки за безбедност на патиштата на локално ниво; Воспоставување на локално тело за безбедност на патиштата; Развивање на стратегија и акциски план за унапредување на безбедноста на патиштата; Прибирање на податоци, мониторинг и објавување на резултати за безбедноста на патиштата; Специјални третмани на патната инфраструктура за поголема безбедност; Управување со безбедноста на патната инфраструктура и Набавки во безбедноста на патиштата, се темите што беа презентирани на петдневната обука за имплементација на институционални реформи за управување со безбедноста на патиштата на локално ниво, пред претставници од единиците на локалната самоуправа. Станува збор за обука утврдена во рамките на проектната активност „Преглед на капацитетите за управување со безбедноста во сообраќајот и подобрување на капацитетите за управување на сообраќајот на локално ниво“ од проектот за поврзување локални патишта (P170267) што се реализира со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка.

Ангажираните консултанти посебно внимание обрнаа на: улогата на локалните заедници во безбедноста на патиштата; подготовката на стратегиските документи и акциски планови за локалните заедници кои се однесуваат на безбедноста на патиштата; специјалните третмани за безбедност пред училишните зони, како и управување со црни точки; формирање локално координативно тело за безбедност на патиштата и друго. Се дискутираше и за Законот за патишта во нашата земја, а беа изнесени и бројни добри искуства од оваа област. Учесниците на обуката добија соодветни материјали, а оние што присуствуваа на најмалку 80 % од работилниците се стекнаа со сертификат за учество на обука за управување со безбедноста во сообраќајот на патиштата на локално ниво. Оваа обука се одржа во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, во периодот од 31 јануари до 17 февруари 2023 година, при што на 9 и на 10 февруари 2023 година беа одржани и паралелни сесии во Општина Кавадарци.

## TRAJNIM PËR IMPLEMENTIMIN E REFORMAVE INSTITUCIONALE PËR MENAXHIM ME SIGURINË E RRUGËVE NË NIVEL LOKAL

Parimet dhe konceptet bazë të sigurisë rrugore; Trendet në sigurinë rrugore; Masat organizative për sigurinë rrugore në nivel lokal; Krijimi i një organi lokal për sigurinë rrugore; Zhvillimi i një strategjie dhe plan aksional për përmirësimin e sigurisë rrugore; Mbledhja e të dhënave, monitorimi dhe publikimi i rezultateve të sigurisë rrugore; Trajtime të veçanta të infrastrukturës rrugore për siguri më të madhe; Menaxhimi i sigurisë së infrastrukturës rrugore dhe Furnizimi në sigurinë rrugore janë temat që u prezantuan në trajnimin pesëditor për zbatimin e reformave institucionale për menaxhimin e sigurisë rrugore në nivel lokal, para përfaqësuesve të njësive të vetëqeverisjes lokale. Bëhet fjalë për trajnimin e krijuar në kuadër të aktivitetit të projektit ,,Kontrolli i kapaciteteve menaxhuese të sigurisë në komunikacion dhe përmirësimi i kapaciteteve menaxhuese të trafikut në nivel lokal" nga projekti për lidhjen e rrugëve lokale (P170267) që realizohet me hua nga Banka ndërkombëtare për rinovim dhe zhvillim – Banka botërore.

Konsulentët e angazhuar vëmendje të veçantë i përkushtuan: rolit të bashkësive lokale në sigurinë rrugore; përgatitja e dokumenteve strategjike dhe planet aksionale për bashkësinë lokale të cilat kanë të bëjnë me sigurinë rrugore, tretmanët speciale për sigurinë para zonave shkollore, si dhe menaxhimi me pikat e zeza; formimi i trupit koordinues lokal për sigurinë rrugore etj. U diskutua edhe për Ligjin për rrugët në vendin tonë, ndërsa u parashtruan edhe një numër i përvojave të mira nga kjo lëmi. Pjesëmarrësit në trajnim morrën materiale adekuate, ndërsa ata që morrën pjesë në së paku prej 80 % nga punëtoria morrën certifikatë për pjesëmarrje në trajnim për menaxhim me sigurinë në trafikun rrugor në nivel lokal. Trajnimi në fjalë u mbajt në hapësirat e Qendrës së trajnimeve të BNJVL-së, në periudhën prej 31 janar deri më 17 shkurt 2023, me ç'rast më 9 dhe 10 shkurt 2023 u zhvilluan sesione paralele në Komunën e Kavadarit.







## СВЕЧЕНО ВРАЧЕНИ СЕРТИФИКАТИТЕ НА 25 НОВИ ФОРУМСКИ МОДЕРАТОРИ

ЗЕЛС и Програмата за развој на Обединетите нации – УНДП, на 3 февруари 2023 година, во хотелот „Double Tree by Hilton", Скопје организираа пригодна свеченост на која им беа доделени сертификатите на 25 модератори на форуми во заедницата, кои успешно го минаа процесот на лиценцирање. Со тоа, на општините им се обезбедени нови стручни лица со високо ниво на познавање на локалната самоуправа и со исклучителни модераторски вештини и знаења во организирањето и спроведувањето на најпопуларната граѓанска алатка на локално ниво -„Форуми во заедницата". Имињата на сите сертифицирани модератори се поставени на веб- страницата на ЗЕЛС (https://zels.org.mk/page/forumski-moderatori) од каде што општините може да го изберат најсоодветното лице за спроведување на форумските сесии во својата општина. Во присуство на градоначалниците од општините Арачиново, Берово, Боговиње и Ново Село и претставниците од меѓународните организации, сертификатите ги врачија претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски и амбасадорката на Швајцарија, Вероника Улман.

Претседателот на ЗЕЛС, Ѓорѓиевски, им честита на модераторите за големата заинтересираност за учеството во процесот на сертификација, преку следењето на обуки и полагање на писмен и устен испит и им посака успешно реализирање на бројни форуми во општините во насока на јакнење на демократските процеси и непосредно учество на граѓаните во креирањето на локалните политики. – „Ова е четврти пат, откако ЗЕЛС го спроведува процесот на сертификација на модератори, овојпат во рамките на проектот „Зајакнување на општинскиот совет". Претходните активности што се одвиваа до 2015 година во рамките на програмата „Форуми во заедницата" обезбедија 37 сертифицирани форумски модератори" -посочи Ѓорѓиевски, при што им се заблагодари на сите кои од самиот почеток се вклучени во програмата „Форуми во заедницата", а особено на Швајцарската агенција за соработка и развој, која во континуитет обезбедува поддршка на ЗЕЛС и на општините.

## SOLEMNISHT IU DORËZUAN CERTIFIKATAT 25 MODERATORËVE TË RI TË FORUMEVE

BNJVL dhe Programi për zhvillim të Kombeve të Bashkuara – UNDP, më 2 shkurt, 2023 në hotelin ,,Double Tree by Hilton", Shkup, solemnitet me rastin e ndarjes së certifikatave të 25 moderatorëve të forumeve në bashkësi të cilat me sukses kaluan procesin e licencimit. Me këtë komunave i'u siguruan persona profesionistë të ri me nivel të lartë të informimit të vetëqeverisjes lokale dhe me aftësi të rëndësishme fasilituese dhe njohuri në organizimin dhe zbatimin e veglës më të njohur të qytetarëve në nivel lokal – forume në bashkësi. Emrat e të gjithë moderatorëve të certifikuar do të vendosen në faqen e internetit të BNJVL-së www.zels.org.mk, prej ku komunat mund të zgjedhin person më adekuat për zbatimin e sesioneve të forumeve në komunën e tyre. Në praninë e kryetarëve të komunave: Haraqinë, Berovë dhe Novo Sello dhe përfaqësuesit e organizatave ndërkombëtare, certifikatat i dorëzuan kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski dhe ambasadorja e Zvicrës Veronik Ullman.

Kryetari i BNJVL-së, Gjorgjievski i përgëzoi moderatorët për interesimin e madh për pjesëmarrje në procesin e certifikimit, përmes ndjekjes së trajnimeve dhe dhënies së provimeve me shkrim dhe me gojë, dhe u dëshiroi realizim të suksesshëm të forumeve të shumta nëpër komuna në drejtim të përforcimit të proceseve demokratike dhe pjesëmarrjen e qytetarëve në krijimin e politikave lokale. – ,,Kjo është hera e katërt që BNJVL e zbaton procesin e certifikimit të moderatorëve, këtë herë në kuadër të projektit ,,Përforcimi i këshillit të komunës". Aktivitetet e mëparshme që janë zhvilluar deri në vitin 2015 në kuadër të programit ,,Forume në bashkësi" kanë ofruar 37 moderatorë të certifikuar të forumit", theksoi Gjorgjievski, ndërsa falënderoi të gjithë ata që janë përfshirë në programin ,,Forume në bashkësi", veçanërisht Agjencia Zvicerane për bashkëpunim dhe zhvillim, që në vazhdimësi ofron mbështetje për BNJVL-në dhe komunat.






Пред присутните се обрати и претседателот на Комитетот на советите при ЗЕЛС, Трајко Славевски, кој говореше за улогата на општинскиот совет во институционализирањето на „Форуми во заедницата“ како нова алатка за граѓанско учество и апелираше до општините кои досега во Статутот на општината не ја вовеле, да го направат тоа што поскоро. Славевски истакна и позитивни видувања за реализирањето на еден од најголемите проекти „Зајакнување на општински совети“, преку кој за првпат во нашата земја се посветува внимание на јакнење на капацитетите на советниците. Искуства од спроведувањето на форумските сесии во рамките на општината изнесе градоначалникот на Општина Берово, Звонко Пекевски. Тој посочи дека улогата на модераторот е клучна за успешност на сесиите, но и при самото мобилизирање на граѓаните за нивно поголемо учество, бидејќи на тој начин се овозможува креираните одлуки и политики да се што полегитимни. Во името на новите сертифицирани модератори се заблагодари Рубинчо Николоски, искусен модератор, кој во овој процес мина низ фаза на ресертификација. Тој нагласи дека со минување низ процесот на лиценцирање, модераторот стекнува високо стручни знаења за локалната самоуправа и демократските процеси, коишто низ примена на стандардизираните процедури и постапки треба да им ги доближи на граѓаните и истовремено да го иницира нивното вклучување како активни чинители и творци на локалниот развој и локалните политики.

Пред присутните се обрати и заменик-министерот за локална самоуправа, Зоран Димитровски, потоа амбасадорката на Швајцарија во нашата земја, Вероник Улман, како и постојаниот претставник на УНДП во нашата земја, Армен Григорјан. Сите се согласија дека за да се развива процесот на демократија во една земја, треба да се создаваат и соодветни услови за нејзино активно практикување и дека на граѓаните треба да им се даде можност и простор за поголемо учество во креирањето и донесувањето одлуки кои се од важност за развој на заедницата и на земјата.
























Para të pranishmëve foli edhe kryetari i Komisionit të këshillave në BNJVL, Trajko Sllavevski, i cili diskutoi për rolin e këshillit komunat në institucionalizimin e „Forumit në bashkësi” si vegël e re për pjesëmarrjen e qytetarëve dhe u apeloi komunave të cilat deri më tani Statuin e komunës nuk e kanë themeluar të njëjtën, ta bëjnë këtë sa më shpejtë. Sllavevski theksoi qëndrime pozitive për realizimin e njërit prej projekteve më të mëdha „Përforcimi i këshillave komunale”, në kuadër të të cilit në këtë fazë të dytë janë realizuar aktivitetet për certifikimin e moderatorëve, përmes të cilit për herë të parë në vendin tonë vëmendje i kushtohet përforcimit të kapaciteteve të këshilltarëve, si faktor kyç në promovimin e vetëqeverisjes lokale. Përvojat nga zbatimi i sesioneve të forumeve në kuadër të komunës paraqiti edhe kryetari i Komunës së Berovës, Zvonko Pekevski. Ai përmendi se roli i moderatorit është kyç për suksesin e sesioneve. Ai theksoi se roli i moderatorit është vendimtar për suksesin e seancave, por edhe për mobilizimin e qytetarëve për pjesëmarrje sa më të madhe të tyre, sepse në këtë mënyrë bëhet e mundur që vendimet dhe politikat e krijuara të bëhen sa më legjitime. Në emër të moderatorëve të ri të certifikuar falënderoi Rubinço Nikoloski, moderator me përvojë, i cili kaloi në fazën e ricertifikimit në këtë proces. Ai theksoi se me kalimin e procesit të licencimit, moderatori fiton njohuri të larta profesionale për vetëqeverisjen lokale dhe proceset demokratike, të cilat përmes aplikimit të procedurave të standardizuara duhet të afrohen me qytetarët dhe në të njëjtën kohë të iniciojnë përfshirjen e tyre si aktorë aktivë dhe krijues të zhvillimit lokal dhe politikave lokale.

Para të pranishmëve u drejtua edhe zëvendës-ministri për vetëqeverisje lokale, Zoran Dimitrovski, si dhe ambasadorja e Zvicrës në vendin tonë Veronik Ullman dhe përfaqësuesi i përhershëm i UNDP në vendin tonë, Armen Grigorjan. Të gjithë u dakorduan se në drejtim të zhvillimit të procesit të demokracisë në vendin tonë, duhet krijuar edhe kushte adekuate për praktikimin aktiv të tij dhe se qytetarëve duhet t’u jepet mundësi dhe hapësirë për pjesëmarrjen më të madhe në krijimin dhe procesin e vendim-marrjes të cilët janë të rëndësishme për zhvillimin e bashkësisë në vend.







## ГОЛЕМА ХУМАНОСТ НА ОПШТИНИТЕ ЗА НАСТРАДАНОТО НАСЕЛЕНИЕ ОД ПОДРАЧЈАТА НА ТУРЦИЈА И СИРИЈА, ЗАФАТЕНИ ОД КАТАСТРОФАЛНИОТ ЗЕМЈОТРЕС

Единиците на локалната самоуправа од нашата земја покажаа вистинска хуманост и обезбедија голема парична и материјална помош за настраданото население од катастрофалниот земјотрес што ги зафати подрачјата на Турција и Сирија, на 6 февруари 2023 година. Општините веднаш се одзваа на апелот што го упати претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, и започнаа соодветни постапки во рамките на општинските совети за донесување одлука за утврдување на висината на донацијата, во согласност со финансиските можности на општината. Голем број општини, заедно со своите граѓани и бизнис-заедницата обезбедија и материјална донација која беше предадена на Црвениот крст, а значителен е и бројот на претставници од противпожарните единици кои директно учествуваа во спасувачката мисија, во подрачјата зафатени од земјотресот.

Претседателот на ЗЕЛС, Ѓорѓиевски, непосредно по катастрофата, јавно изрази длабока жалост за немилиот настан и за настраданите. „Како земја која ги има почувствувано последиците од една ваква разорна природна катастрофа, длабоко сочувствуваме со семејствата на загинатите жртви, а на повредените им посакувам брзо закрепнување", нагласи Ѓорѓиевски. Тој, заедно со претставници од Црвениот крст и од централната власт, се сретна и со амбасадорот на Република Турција во нашата земја, Н.Е. Хасан Мехмет Секизќок, на која се разговараше за начинот и видот на поддршката за настраданите. Преку ЗЕЛС, општините беа информирани за сите потребни податоци, а беше испратена и листата на потребни материјални средства , каде што посебно беше нагласена неопходноста од шатори, ќебиња и греалки, а доставен беше и линкот од сметката на која можеше да се уплати финансиската помош. Со тоа општините и граѓаните уште еднаш потврдија дека не ја заборавиле хуманоста што пред шеесетина години беше искажана кон нашиот народ во слични услови и пријателски подадоа рака за поддршка на населението од подрачјата на Сирија и Турција зафатени од овој катастрофален земјотрес.

## HUMANITET I MADH I TREGUAR I KOMUNAVE NDAJ POPULLATËS SË PREKUR NGA TËRMETI KATASTROFIK NË RAJONET E TURQISË DHE SIRISË

Njësitë e vetëqeverisjes lokale nga vendi jonë treguan humanitet të vërtetë dhe siguruan ndihmë të madhe financiare dhe materiale për popullatën e prekur nga fatkeqësia e shkaktuar nga tërmeti katastrofik që i kaploi rajonet e Turqisë dhe Sirisë, më 6 shkurt 2023. Komunat menjëherë i'u përgjigjen apelit të bërë nga kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski dhe filluan procedurat adekuate në kuadër të këshillave komunale për miratimin e vendimit për përcaktimin e lartësisë së donacionit, konform mundësive financiare të komunave. Një numër i madh i komunave, së bashku me qytetarët e tyre dhe bashkësinë e biznesit siguruan edhe donacion material që u dorëzua në Kryqin e kuq, ndërsa është i dukshëm edhe numri i përfaqësuesve të njësive zjarrfikëse të cilët morrën pjesë drejtpërdrejtë në misionin shpëtues, në rajonet e kapluara nga tërmeti.

Kryetari i BNJVL-së, Gjorgjievski, drejtpërdrejtë pas katastrofës, publikisht shprehu keqardhje të thellë për këtë ngjarje të kobshme dhe për viktimat dhe të prekurit. ,,Si vend që ka ndjerë pasojat nga një katastrofë të këtillë natyrore, shpreh keqardhje të thellë dhe bashkëndjej me familjet e viktimave, ndërsa të plagosurve u dëshiroj shërim sa më të shpejtë", theksoi Gjorgjievski. Ai, së bashku me përfaqësuesit e Kryqit të Kuq dhe nga pushteti qendror, u takuan edhe me ambasadorin e Republikës së Turqisë në vendin tonë, E.T. Hasan Mehmet Sekizkok, në të cilën u bisedua për mënyrën dhe llojin e përkrahjes për viktimat dhe të prekurit. Përmes BNJVL-së komunat u informuan për të gjitha të dhënat e nevojshme, ndërsa u dërgua edhe lista e mjeteve të nevojshme materiale, ku veçanërisht u theksua domosdoshmëria e tendave, qebeve dhe sobave, ndërsa u dërgua edhe linku nga llogaria e cila mund të paguhej ndihma financiare. Me këtë komunat dhe qytetarët edhe njëherë vërtetuan se nuk kanë harruar humanitetin që para gjashtëdhjetë vitesh është treguar edhe ndaj popullit tonë në kushte të ngjashme dhe miqësisht dhanë dorë për përkrahjen e popullatës nga rajonet e Sirisë dhe Turqisë të prekura nga tërmeti katastrofik.





## ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО -ВАЖЕН ФАКТОР ЗА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Кои фактори го кочат женското претприемништво во нашата земја? Кои конкретни мерки и политики треба да се усвојат за да се постигне позитивна промена во оваа област? Во која насока треба да се развива женското претприемништво во следниот период? Ова се прашањата на кои се дискутираше на бројните средби и состаноци организирани во рамките на **Националната платформа за женско претприемништво**, воспоставена на проект финансиран од Европската Унија. Главната цел на проектот е зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за креирање предлог-јавни политики и застапување во областа на женското претприемништво, со спој на постојните мрежи, во единствена платформа што ќе претставува интерес на жените претприемачи на сите нивоа.

И покрај тоа што е зголемен фокусот на создавање на подобри услови за развој на женското претприемништво, за жал, нашата земја, сè уште се соочува со сериозни предизвици кога станува збор за зголемување на бројот на жени претприемачи и нивната конкурентност. Според многуте изработени меѓународни компаративни трудови, во државата има значителна родова нееднаквост при учеството во економскиот живот на земјата и во пристапот до ресурсите и можностите.

Општините се свесни за ваквите состојби, па сè повеќе покажуваат голем интерес за преземање активности за поддршка на женското претприемништво, како сериозен фактор за локалниот економски развој и за надминување на бројните социјални предизвици. На индиректен начин тоа го покажува и овој проект, каде што од досега потпишани над 150 декларации за поддршка на женско претприемништво, 43 се потпишани со општините. Четири општини: Битола, Кавадарци Кратово и Скопје веќе имаат донесено Одлука за формирање на Совет за женско претприемништво, а вакви постапки се во тек и во општините: Велес и Карпош. Целта на овие совети е да го подобрат дијалогот и активностите на сите релевантни локални фактори со цел подигање на женското претприемништво во општината. Значително присуство на градоначалници е забележано и на еднодневните форуми организирани во сите плански региони во земјава. Како што посочи Валентина Дисоска, претседателка на **Националната платформа за женско претприемништво**, оваа година, на локално ниво ќе дејствуваат и локалните амбасадорки, кои директно ќе работата на подигнување на свеста кај младите за претприемништвото и самовработувањето, а предвидени се и повеќе активности за изработка на локални стратешки документи. Активностите на локално ниво се фокусирани на поддршка на младите и на жените во руралните подрачја, на промовирање на инклузивен и на одржлив економски раст.

Платформата има цел да обезбеди неопходна основа за влијание врз севкупниот развој на женското претприемништво во земјава, вклучувајќи ги и процесите за интеграција во ЕУ, преку воведување на ефикасен механизам за соработка, консултации, застапување и влијание. Носител на проектот е Здружението на бизнис-жени, а се спроведува во соработка со Сојузот на стопански комори на Македонија и Фондацијата за индустриско истражување и менаџмент.

**Сојуз на стопански комори на Македонија**

## SIPËRMARRËSIA E FEMRËS – FAKTOR I RËNDËSISHËM PËR ZHVILLIM EKONOMIK LOKAL

Cilët faktorë e frenojnë sipërmarrësinë e femrës në vendin tonë? Cilat janë masat dhe politikat që duhet miratohen për të arritur zbatimi pozitiv në këtë lëmi? Në cilën kahje duhet të zhvillohet sipërmarrësia e femrës në periudhën e ardhshme? Këto janë pyetjet mbi të cilat u diskutua në takimet e shumta dhe mbledhjet e organizuara në kuadër të **Platformës nacionale për sipërmarrësi të femrave** themeluar në projektin e financuar nga Bashkimi Evropian. Qëllimi kryesor i projektit është përforcimi i kapaciteteve të organizatave civile për krijimin e propozim-politikave publike dhe përfaqësim në lëminë e sipërmarrësisë së femrës, me gërshetimin e rrjeteve ekzistuese, në platformën e vetme që do të paraqesë interesimin e femrës në sipërmarrësi në të gjitha nivelet.

Krahas fokusit të shtuar në krijimin e kushteve më të mira për zhvillimin e sipërmarrësisë së femrës, fatkeqësisht vendi jonë akoma përballet me sfida serioze sa i përket rritjes së numrit të femrave sipërmarrëse dhe konkurrueshmërisë së tyre. Në bazë të shumë punimeve të përpiluara ndërkombëtare komparative, në shtet ka pabarazi të theksuar gjinore gjatë pjesëmarrjes në jetën ekonomike të vendit dhe qasje në resurset dhe mundësitë.

Komunat janë të vetëdijshme për situata të tilla, kështu që gjithnjë e më shumë shfaqin interesim të madh për ndërmarrjen e aktiviteteve për mbështetjen e sipërmarrësisë së femrës, si një faktor serioz për zhvillimin ekonomik lokal dhe tejkalimin e sfidave të shumta sociale. Në mënyrë indirekte, ky projekt tregon edhe se, ku nga mbi 150 deklarata të nënshkruara deri më tani për mbështetjen e sipërmarrësisë së femrës, 43 janë nënshkruar me komunat. Katër komuna: Manastir, Kavadar, Kratovë dhe Shkup tashmë kanë miratuar Vendim për themelimin e Këshillit për sipërmarrësi të femrës, ndërsa procedura të ngjashme janë duke u zhvilluar edhe në komunat: Veles dhe Karposh. Qëllimi i këtyre këshillave është përmirësimi i dialogut dhe aktiviteteve të të gjithë faktorëve relevant lokalë me qëllim të ngritjes së sipërmarrësisë së femrës në komunë. Një prani e konsiderueshme e kryetarëve të komunave u vu re edhe në forumet njëditore të organizuara në të gjitha rajonet planifikuese të vendit. Siç theksoi Valentina Disoska, kryetare e **Platformës nacionale për sipërmarrësi të femrave**, këtë vit në nivel lokal do të veprojnë edhe ambasadoret lokale, të cilat do të punojnë drejtpërdrejt në sensibilizimin e të rinjve për sipërmarrësinë dhe vetëpunësimin, si dhe më shumë aktivitete janë planifikuar për përpilimin e dokumenteve strategjike lokale. Aktivitetet në nivel lokal janë të përqendruara në mbështetjen e të rinjve dhe femrave në zonat rurale, duke promovuar një rritje ekonomike gjithëpërfshirëse dhe të qëndrueshme.

Platforma ka për qëllim sigurimin e bazës së ndikimit mbi zhvillimin e sipërmarësisë femërore në vend, duke përfshirë edhe procesit për integrim në BE, përmes themelimit të mekanizmave për bashkëpunim, konsultime, përfaqësim dhe ndikim. Bartës i projektit është Shoqata e femrave në biznes, ndërsa zbatohet në bashkëpunim me Lidhjen e Odave ekonomike të Maqedonisë dhe Fondacionin e hulumtimeve industriale dhe menaxhment.

**Lidhja e odave ekonomike të Maqedonisë së Veriut**



## ДЕЛЕГАЦИЈА ОД ЦРНА ГОРА ВО ЗЕЛС

Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, и потпретседателот на ЗЕЛС, Перо Костадинов, на 17 февруари 2023 година, во административната зграда на ЗЕЛС имаа средба со шесточлена делегација од Одборот за политички систем, правосудство и управа при Собранието на Република Црна Гора, предводена од претседателот на Одборот, Момо Копривица.

Претставниците од оваа делегација имаа цел поконкретно да се запознаат со искуствата на единиците на локалната самоуправа од нашата земја и на ЗЕЛС, со законската регулатива и нејзината имплементација на локално ниво, како и со степенот на развој на процесот на децентрализација на власта, од причина што во овој момент во Република Црна Гора се започнати процедури на законски измени поврзани со локалната власт. Гостите особено беа заинтересирани да добијат попрецизни сознанија за начинот на финансирање на општините, собирањето данок на имот, развивањето нови услуги за граѓаните, територијалната организација, начинот на организирање на локалните избори, но и за нивото на соработка меѓу локалната и централната власт. Тие посочија на традиционалната поврзаност на двете држави, на сличниот менталитет и предизвиците со кои се соочуваат, што им дава посебна важност на искуствата што ќе ги слушнат од оваа средба. Притоа, беше посочено дека десет општини од Црна Гора се збратимени со општини од нашата земја и дека таа соработка треба да продолжи и да се надградува.

Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, им посака добредојде на гостите и го изрази задоволството од укажаната чест и за интересот да се запознаат со искуствата во локалната власт од нашата земја. Во концизните одговори

## DELEGACION NGA MALI I ZI NË VIZITË NË BNJVL

Kryetari i BNJVL-së, Orce Gorgjievski dhe nënkryetari i BNJVL-së, Pero Kostadinov, më 17 shkurt, 2023, në ndërtesën administrative të BNJVL-së patën takim me delegacionin pesë anëtaresh nga Bordi i sistemit politik, jurisprudencës dhe administratës në kuadër të Republikës së Malit të Zi, të udhëhequr nga kryetari i këtij Bordi, Momo Koprivica.

Përfaqësuesit e këtij delegacioni patën qëllim të informohen më konkretisht me përvojat e njësive të vetëqeverisjes lokale nga vendi jonë dhe të BNJVL-së, lidhur me rregullativën ligjore dhe implementimin e saj në nivel lokal, si dhe për shkallën e zhvillimit të procesit të decentralizimit të pushtetit, për arsye që në këtë moment në Republikën e Malit të Zi janë filluar procedurat e ndryshimeve ligjore lidhur me pushtetin lokal. Mysafirët u interesuan të marrin informacione më precize për mënyrën e financimit të komunave, mbledhjen e tatimit të pronës, zhvillimi i shërbimeve të reja për qytetarët, organizimi territorial, mënyra e organizimit të zgjedhjeve lokale, por edhe për bashkëpunimin e tyre midis pushtetit lokal dhe qendror. Ata përmendën ndërlidhjen tradicionale të të dy shteteve, ndaj mentalitetit të ngjashëm dhe sfidat me të cilat ballafaqohen, që u jep rëndësi të veçantë përvojave që i dëgjojnë në këtë takim. Pastaj u përmend se dhjetë komuna nga Mali i Zi janë binjakëzuar me komunat nga vendi jonë dhe se bashkëpunimi në fjalë duhet të vazhdohet dhe avancohet.

Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjesvki, u uroi mirëseardhje mysafirëve dhe shprehu kënaqësinë për nderimin e bërë për interesimin për t'u njohur me përvojat në pushtetin lokal nga vendi jonë. Në përgjigjet koncize ndaj pyetjeve të parashtruara, ai u përqendrua






на поставените прашања, особено се задржа на ставот на ЗЕЛС, при што нагласи дека тоа е и негов личен став, дека процесот на децентрализација мора забрзано да продолжи да се развива во секоја земја, особено во нашите, и притоа да се интензивира лобирањето за обезбедување на поголема финансиска стабилност на единиците на локалната самоуправа. „Во суштина, сметам дека имаме слични предизвици и дека централната власт секогаш е скептична кога станува збор за обезбедување на соодветни средства за финансирање на префрлените надлежности на локално ниво, но ние треба секогаш да се залагаме да добиеме повеќе надлежности и да лобираме да добиеме и што повеќе средства за нивно спроведување, како што тоа, впрочем, е утврдено и во Европската повелба за локална самоуправа. Главната причина е што општините се основните клетки на развој и демократизирање на едно општество“, посочи Ѓорѓиевски. Притоа, тој ја нагласи улогата на ЗЕЛС во целиот тој процес, како значајна алатка на сите единици на локалната власт во нашата земја, преку која се градат консензуални ставови за лобирање пред централната власт, без партиски интереси, туку само во интерес на сите општини во земјата, односно во интерес на граѓаните.

И потпретседателот на ЗЕЛС, Перо Костадинов, ја потврди заемната соработка на сите членки во рамките на ЗЕЛС, посочувајќи дека локалната и централната власт секогаш ќе бидат во една „вечна борба“, но, дека тоа не треба никого да поколеба. Напротив, општините треба да се залагаат за преземање на што поголем број ингеренции и услуги во интерес на граѓаните.

Присутните беа информирани и за поконкретните начини на дејствување на ЗЕЛС и за активностите што ги реализира, каде што освен лобирањето, посебно место заземаат активностите за јакнење на капацитетите на единиците на локалната самоуправа и електронските услуги, но стана збор и за начинот на соработка со Владата и Собранието на РСМ. Беа изнесени заложбите за континуиран притисок за законски измени во насока на обезбедување на повеќе средства за општините и постигнување на поголема финансиска стабилност, но и за реорганизација кон утврдување на задолжителните и факултативните надлежности на општините.

veçanërisht në qëndrimin e BNJVL-së, duke theksuar se ky njëkohësisht është edhe qëndrimi i tij personal, se procesi i decentralizimit duhet të vazhdojë të përshpejtohet në zhvillim në secilin vend, veçanërisht në vendin tonë, me ç'rast duhet të intensifikohet lobimi për sigurimin e një stabiliteti më të madh financiar të njësive të vetëqeverisjes lokale. „Në esencë mendoj se ne kemi sfida të ngjashme dhe se pushteti qëndror është gjithmonë skeptik kur bëhet fjalë për sigurimin e mjeteve adekuate për financimin e kompetencave të bartura në nivel lokal, por ne gjithmonë duhet të përpiqemi të marrim më shumë kompetenca dhe të lobojmë për të marrë dhe sa më shumë ose të paktën mjete adekuate për zbatimin e tyre, siç është përcaktuar në Kartën Evropiane për vetëqeverisje lokale. Arsyeja kryesore është se komunat janë qelizat themelore të zhvillimit dhe demokratizimit të një shoqërie”, theksoi Gjordjievski. Në të njëjtën kohë, ai e theksoi rolin e BNJVL-së në mbarë procesin, si mjet i rëndësishëm i të gjitha njësive të vetëqeverisjes lokale në vendin tonë, përmes të cilit ndërtohen qëndrime konsensuale për lobim para pushtetit qendror, pa interesa partiake, por vetëm në interesi i të gjitha komunave në vend, mbi të gjitha në interes të qytetarëve.

Edhe nënkryetari i BNJVL-së, Pero Kostadinov, e konfirmoi bashkëpunimin e ndërsjellë të të gjithë anëtarëve të BNJVL-së, duke theksuar se pushteti lokal dhe ai qendror do të jenë gjithmonë në „luftë të përjetshme”, por kjo nuk duhet të bëjë skeptik askënd, përkundrazi, komunat duhet të përpiqen për marrjen e sa më shumë autorizimeve dhe shërbimeve në interes të qytetarëve.

Të pranishmit u informuan edhe për mënyrat më konkrete të të vepruarit të BNJVL-së dhe të aktiviteteve që i realizon, ku përveç lobimit vend të veçantë zënë edhe aktivitetet për përforcimin e kapaciteteve të njësive të vetëqeverisjes lokale dhe shërbimeve elektronike, por u bë fjalë edhe për mënyrën e bashkëpunimit me Qeverinë dhe me Kuvendin e RMV. U prezantuan edhe përpjekjet për presionin e vazhdueshëm për ndryshime ligjore në drejtim të sigurimit të më shumë mjeteve për komunat dhe arritjen e stabilitetit më të madh financiar, por edhe për riorganizimin drejt kompetencave të detyrueshme dhe fakultative të komunave.

## ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ

Во следните месеци, во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети, фаза 2“, во првите десет партнерски општини во проектот, ќе се одржат форумите во заедницата, модел за вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки во општините во кои живеат. Дополнително, ќе започнат да работат и тематските групи на кои општинските советници ќе дискутираат и ќе понудат решенија како да се подобрат условите за живот во локалните заедници во девет клучни области. До крајот на февруари завршува и јавниот повик за пријавување на нови десет општини за учество во проектот, на кој, според посочените критериуми, може да се пријават општините што досега не биле директно вклучени во првата фаза на проектот, во периодот 2016 - 2021 година, како и општините

## INTENSIFIKIM I AKTIVITETEVE PËR PËRFORCIM TË KËSHILLAVE KOMUNALE

Në muajt e ardhshëm, në kuadër të projektit „Përforcim i këshillave komunale, faza 2”, në dhjetë komunat e para partnere në projekt, do të mbahen forumet në bashkësi, si model i përfshirjes së qytetarëve në procesin e vendimmarrjes në komunat në të cilat jetojnë. Gjithashtu, do të fillojnë të punojnë edhe grupet tematike, në të cilat këshilltarët komunalë do të diskutojnë dhe ofrojnë zgjidhje se si të përmirësohen kushtet e jetesës në bashkësitë lokale në nëntë fusha kyçe. Deri në fund të shkurtit përfundon thirrja publike për aplikime për dhjetë komuna të reja për të marrë pjesë në projekt, ku sipas kritereve të përcaktuara, komunat që ende nuk janë përfshirë drejtpërdrejt në fazën e parë të projektit, në periudhën 2016 - 2021, mund të aplikojnë, si dhe komunat që tashmë janë zgjedhur gjatë

кои се веќе избрани во текот на 2022 година. Ова се дел од активностите за систематско и одржливо подобрување на работењето на општинските совети и понатамошно унапредување на системот на локална самоуправа, што ќе се реализираат во текот на 2023 година, а кои беа договорени на годишната работилница за планирање, одржана на 10 и 11 февруари, 2023 година, во Гевгелија, на која учествуваа и претставници од ЗЕЛС, како и националните партнери за имплементирање на проектот.

Програмата „Зајакнување на општинските совети" е финансирана од швајцарската влада и од Министерството за локална самоуправа, а го спроведува и кофинансира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Главна цел на проектот е унапредување на поддршката за развој на локалните самоуправи, првенствено преку зајакнување на општинските совети кои ќе бидат во можност ефективно да ги исполнат нивните доделени улоги на претставување, надзор и донесување општински одлуки со активно вклучување на граѓаните. Проектот цели и кон унапредување на системот на локална самоуправа, децентрализација и поквалитетни услови за живот во локалните заедници, преку подобрување на развојните политики и правната рамка за локален развој и децентрализација, дигитализација на општинските услуги, зголемување на транспарентноста и учеството на граѓаните на локално ниво, како и борба против корупцијата. Промовирањето на принципите на родова еднаквост и еднакви можности за сите, социјална кохезија, заштита на животната средина, како и зајакнување на меѓуопштинската и меѓусекторската соработка, исто така, се дел од темите на овој проект.

vitit 2022. Këto janë pjesë të aktiviteteve për përmirësimin sistematik dhe të qëndrueshëm të funksionimit të këshillave komunale dhe përmirësimin e mëtutjeshëm të sistemit të vetëqeverisjes lokale, të cilat do të realizohen gjatë vitit 2023 dhe për të cilat është rënë dakord në punëtorinë vjetore të planifikimit që u mbajt më 10 dhe 11 shkurt 2023 në Gjevgjeli, ku morën pjesë edhe përfaqësues të BNJVL-së, si partnerë nacional për implementimin e projektit.

Programi ,,Përforcim i këshillave komunale" financohet nga Qeveria Zvicerane dhe Ministria për vetëqeverisje lokale dhe zbatohet dhe bashkëfinancohet nga Programi i Kombeve të Bashkuara për Zhvillim (UNDP). Qëllimi kryesor i projektit është promovimi i mbështetjes për zhvillimin e qeverisjes vendore, në radhë të parë duke fuqizuar këshillat komunale që do të jenë në gjendje të përmbushin në mënyrë efektive rolet e tyre të caktuara të përfaqësimit, mbikëqyrjes dhe marrjes së vendimeve komunale me përfshirjen aktive të qytetarëve. Projekti synon gjithashtu avancimin e sistemit të vetëqeverisjes lokale, decentralizimin dhe kushte më të mira jetese në bashkësitë lokale, përmes përmirësimit të politikave zhvillimore dhe kornizës ligjore për zhvillimin dhe decentralizimin lokal, dixhitalizimin e shërbimeve komunale, rritjen e transparencës dhe pjesëmarrjes së qytetarëve në nivel lokal, si dhe luftën kundër korrupsionit. Promovimi i parimeve për barazi gjinore dhe mundësitë e barabarta për të gjithë, kohezioni social, mbrojtja e mjedisit jetësor, si dhe përforcimi i bashkëpunimit ndër-komunal dhe ndër-sektorik që janë gjithashtu pjesë e temave të këtij projekti.

## ПОТРЕБНО Е НАМАЛУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДУП-ОВИТЕ, СТАВ НА РАКОВОДСТВОТО НА ЗЕЛС ИЗНЕСЕН НА СРЕДБАТА СО ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА КОМОРАТА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

- „Изработката на нови детални урбанистички планови е предизвик за секоја општина, не само поради долготрајноста на постапката, туку и поради високите финансиски издатоци на општината. Со донесувањето на Тарифникот за вредност на работите од урбанистичко планирање, општините се доведени во состојба да го намалат бројот на изработка на нови детални урбанистички планови, што е огромна штета за граѓаните бидејќи и онака донесувањето на ДУП-овите е во постојан дефицит. Причина се токму високите цени утврдени во Тарифникот, за кои ЗЕЛС навреме не даде согласност и бараше намалување од најмалку 50 % на предложените цени", нагласи претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, на средбата со претседателката на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Кристинка Радевски. На средбата, што се одржа во административната зграда

## NEVOJITET ZVOGËLIM I ÇMIMEVE PËR PËRPILIMIN E PUD-EVE, QËNDRIM I KRYESISË SË BNJVL-SË I SHPREHUR NË TAKIMIN ME KRYETARIN E ODËS SË ARKITEKTËVE TË AUTORIZUAR DHE INXHINIERËVE TË AUTORIZUAR

„Përpilimi i planeve të reja urbanistike është sfidë për çdo komunë, jo vetëm për shkak të procedurës së gjatë por edhe për shkak të shpenzimeve të larta financiare të komunës. Me miratimin e Tarifës për vlerën e punëve nga planifikimi urbanistik, komunat u çuan në gjendje të zvogëlojnë numrin e hartimit të planeve të reja detajuese urbanistike, që është dëm i madh për qytetarët pasi që edhe ashtu miratimi i PUD-eve është në deficit të përhershëm. Arsye janë pikërisht çmimet e larta të përcaktuara në Tarifën, për të cilat BNJVL atëherë nuk dha pajtueshmëri dhe kërkoi zvogëlim për së paku 50% të çmimeve të vazhduara" theksoi kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, në takimin që u mbajt në ndërtesën administrative të BNJVL-së me kryetarin e Odës së arkitektëve të autorizuar dhe inxhinierëve të autorizuar, Kristina Radevski. Në takim mori pjesë edhe nënkryetari i BNJVL-së, Pero Kostadinov, i

на ЗЕЛС, присуствуваше и потпретседателот на ЗЕЛС, Перо Костадинов кој потврди дека цените во Тарифникот се превисоки за општините, особено за помалите, и дека е потребно да се извршат корекции. Тој појасни дека ако порано некоја општина можела да предвиди во буџетот средства за изработка на шест детални планови, сега не ќе може да изработи ниту два, како резултат на цените во Тарифникот, но и на енергетската криза. „Потребата од донесување на урбанистички планови е голема и доколку се намали нивниот број, што воопшти не е во интерес на граѓаните, нема да имаат полза ниту архитектите, ниту инженерите, бидејќи ќе имаат помалку работа. Затоа е потребно да се изнајде заемно прифатливо решение и да се пристапи кон корекции на утврдените цени“, нагласи Костадинов.

Претседателката на Комората, Кристинка Радевски, рече дека изнесените реакции се очекувани за членовите на Комората, особено во следниот период, при донесувањето на новите тарифници: за ниска градба, висока градба и геотехника за висока градба, чии постапки на креирање веќе се започнати. Но, Комората има разбирање за состојбите и е подготвена на дијалог со сите засегнати страни, а во таа насока е и формирањето на Комисијата за дефинирање на контролни механизми за следење на примена на ценовници за инженерски услуги, во која ќе бидат застапени претставници од Комората, од Министерството за транспорт и врски и претставник од ЗЕЛС. Според претседателката, Комората се залага за изработка на квалитетни планови и проекти и спроведување на нивна квалитативна евалвација, наспроти досегашните бројни примери на лоши ДУП-ови. Исто така, таа нагласи и дека Комората има цел и да се надмине досегашната практика на девалвирање на инженерската струка и да се обезбеди понуда на квалитет во работењето. На оваа средба, Радевски упати барање до ЗЕЛС да се овозможи, преку електронскиот систем „е-градежна дозвола“ да се обезбеди соодветен надзор во делот на примената на Тарифникот за вредност на работите од урбанистичко планирање (Сл. Весник број 140 од 24 јуни 2021 година). Претставничката од Комората, беше прашана дали досега Комората спроведувала постапки за одземање на лиценца за работа при утврдување на неквалитетно работење, на што беше одговорено дека Комората ќе му даде поголема важност и на овој инструмент што го има на располагање.

cili konfirmoi se çmimet në Tarifa janë shumë të larta për komunat, veçanërisht për ato më të voglat dhe se duhet bërë korrigjime. Ai sqaroi se nëse më herët një komunë mund të parashikonte në buxhet mjete për përpilimin e gjashtë planeve detajuese, tani nuk do të mund të përgatisë as dy, si pasojë e çmimeve në Tarifa, por edhe e krizës energjetike. ,,Nevoja për miratimin e planeve urbanistike është e madhe dhe nëse numri i tyre zvogëlohet, gjë që nuk është aspak në interes të qytetarëve, nuk do të përfitojnë as arkitektët dhe as inxhinierët, sepse do të kenë më pak punë. Prandaj është e nevojshme të gjendet një zgjidhje e pranueshme reciprokisht dhe t'i qasemi drejt korrigjimeve të çmimeve të përcaktuara”, theksoi Kostadinov.

Kryetarja e Odës, Kristina Radevski, theksoi se reagimet e paraqitura janë të pritura për anëtarët e Odës, veçanërisht në periudhën e ardhshme, gjatë miratimit të tarifave të reja: për objektet e ulëta; shumëkatëshe dhe gjeoteknikë për ndërtime të larta, procedurat e krijimit të të cilave tashmë kanë filluar. Por, Oda e ka mirëkuptimin e situatës dhe është e gatshme për dialog me të gjitha palët e interesuara dhe në atë drejtim është ngritja e Komisionit për përcaktimin e mekanizmave të kontrollit për monitorimin e aplikimit të listave të çmimeve për shërbimet inxhinierike, i cili do të përfaqësohet nga përfaqësues nga Oda, nga Ministria për transport dhe lidhjev dhe një përfaqësues nga BNJVL. Sipas kryetarit, Dhoma avokon për zhvillimin e planeve dhe projekteve cilësore dhe zbatimin e një vlerësimi cilësor të tyre, kundrejt shembujve të shumtë të deritanishëm të Planeve urbanistike detajuese të këqija. Gjithashtu, ajo theksoi se Oda ka për qëllim të tejkalojë praktikën e deritanishme të devalvimit të profesionit të inxhinierit dhe të sigurojë ofertë cilësore në punë. Në këtë takim, Radevski dërgoi kërkesë në BNJVL, që të sigurohet që përmes sistemit elektronik ,,e-gradezna dozvola” të sigurohet mbikëqyrje adekuate për zbatimin e Tarifës për vlerën e punëve nga planet urbanistike (Gazeta zyrtare nr. 140 nga 24 qershor 2021). Përfaqësuesja e Odës në fjalë, u pyet se a ka zbatuar Oda deri më tani procedura për marrjen e licencës për punë gjatë përcaktimit të punës jocilësore, me ç'rast kësaj pyetjeje i'u dha përgjigje se Oda do të japë rëndësi më të madhe edhe në këtë instrument që e ka në dispozicion.







## УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС ЈА ОДРЖА ПЕТНАЕСЕТТАТА СЕДНИЦА

Управниот одбор на ЗЕЛС, на петнаесеттата седница што се одржа на 28 февруари 2023 година, во административната зграда на ЗЕЛС, дискутираше за повеќе актуелни теми поврзани со спроведување на надлежностите на единиците на локалната власт; донесе неколку одлуки со кои се утврдува начинот и условите за спроведување на одредени постапки, а во одредени групи и тела формирани од ЗЕЛС, беа номинирани нови членови.

**Лиценцата за форумски модератор со важност од пет години**

Присутните едногласно ја усвоија Одлуката за утврдување на начинот и условите за сертифицирање и ресертифицирање на форумските модератори, во организација на ЗЕЛС. Беше посочено дека ЗЕЛС пред повеќе од десет години, иницираше примена на нова алатка за демократско учество на граѓаните во донесување одлуки на локално ниво, преку спроведување на форумски сесии што ги водат лиценцирани форумски модератори. Постапката на сертификација на кандидатите се состои од задолжително следење на обука и полагање на испит што го организира ЗЕЛС. Со овој документ се утврдува симболична парична сума што кандидатите треба да ја уплатат доколку сакаат да се сертифицираат или ресертифицираат; утврдено е дека времетраењето на важноста на серификатот е пет години; за нивно ангажирање за спроведување на форумските сесии, општината ќе им плати не повеќе од 3.000 денари на ден. Само сертифицираните модератори може да бидат ангажирани од страна на општините, а податоците за лицата кои се стекнале со сертификат се објавени на интернет-страницата на ЗЕЛС, во делот: https://zels.org.mk/page/forumski-moderatori.

**Утврдени условите за сертификација и ресертификација за БФЦ ЈИЕ**

Управниот одбор ја усвои и Одлуката за утврдување на начинот и условите за сертифицирање и ресертифицирање на единиците на локалната самоуправа со сертификат за поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (БФЦ ЈИЕ). Станува збор за единствена регионална програма за евалуација и подобрување на условите за водење бизнис и инвестирање на локално ниво, каде општината треба да примени јасен реформски план и патоказ за создавање поволна деловна средина и воведување меѓународно признати стандарди за ефикасна и транспарентна локална администрација. Во Одлуката е утврдена и методологијата за стекнување со сертификатот; времетраењето од 12 месеци на процесот на сертификација или ресертификација, што ќе се одвива преку пристапување на електронската платформа; важноста од три години на сертификатот и висината на надоместокот за сертификацијата, кој за урбаните општини ќе изнесува 7.500 евра, а за руралните општини 5.000 евра. Посочено беше дека наскоро ЗЕЛС ќе објави повик до заинтересираните општини за пријавување

## BORDI DREJTUES I BNJVL-SË MBAJTI SEANCËN E PESËMBËDHJETË

Bordi drejtues i BNJVL-së në seancën e pesëmbëdhjetë që u mbajt më 28 shkurt, 2023 në ndërtesën administrative të BNJVL-së diskutoi mbi shumë tema aktuale lidhur me zbatimin e kompetencave të njësive të pushtetit lokal; miratoi disa vendime me të cilat përcaktohet mënyra dhe kushtet për zbatimin e procedurave të caktuara, ndërsa në grupe dhe trupa të caktuara të formuara në kuadër të BNJVL-së u nominuan anëtarë të ri.

**Licenca për moderator të forumeve me afat prej pesë vitesh**

Vendimin për përcaktimin e mënyrës dhe kushteve për certifikimin dhe ricertifikim të moderatorëve të forumeve, të organizuara nga BNJVL. U theksua se BNJVL filloi më shumë se dhjetë vjet më parë me inicimin e zbatimit të veglës së re për pjesëmarrje demokratike të qytetarëve në vendimmarrje në nivel lokal, përmes realizimit të sesioneve të forumit të udhëhequra nga moderatorë të licencuar të forumit. Procedura e certifikimit të kandidatëve konsiston në trajnimin e detyrueshëm dhe dhënien e provimit të organizuar nga BNJVL. Me këtë dokument përcaktohet një shumë simbolike të hollash që kandidatët duhet të paguajnë nëse duan të certifikohen ose ricertifikohen; vërtetohet se kohëzgjatja e vlefshmërisë së certifikatës është pesë vjet; dhe për punësimin e tyre për të mbajtur sesionet e forumit, komuna do t'u paguajë jo më shumë se 3.000 denarë në ditë. Komunat mund të angazhojnë vetëm moderatorë të certifikuar, ndërsa të dhënat për personat që kanë marrë certifikatë janë të theksuara në ueb faqen e BNJVL-së, në pjesën: https://zels.org.mk/page/forumski-moderatori.

**U përcaktuan kushtet për certifikim dhe ricertifikim për BFC EJL**

Bordi drejtues ka miratuar edhe Vendimin për përcaktimin e mënyrës dhe kushteve për certifikimin dhe ricertifikimin e njësive të vetëqeverisjes lokale me certifikatë për mjedis të favorshëm afarist në Evropën Juglindore (BFC SEE). Është një program unik rajonal për vlerësimin dhe përmirësimin e kushteve për kryerjen e biznesit dhe investimit në nivel lokal, ku komuna duhet të zbatojë një plan të qartë reformash dhe udhërrëfyes për krijimin e një mjedisi të favorshëm biznesi dhe futjen e standardeve të njohura ndërkombëtarisht për administratë lokale efikase dhe transparente. Në Vendim përcaktohet metodologjia për marrjen e certifikatës; kohëzgjatja 12-mujore e procesit të certifikimit ose ricertifikimit që do të zhvillohet nëpërmjet qasjes në platformën elektronike; vlefshmërinë trevjeçare të certifikatës dhe shumën e tarifës për certifikimin, e cila do të jetë 7500 euro për komunat urbane dhe 5000 euro për komunat rurale. U theksua se së shpejti BNJVL do t'u shpallë thirrje komunave të interesuara për të aplikuar për marrjen e kësaj certifikate, me ç'rast u theksua se

за стекнување со овој сертификат, при што беше нагласено дека досега низ овој процес минале општините: Богданци, Велес, Град Скопје, Гази Баба, Илинден, Струмица и Штип.

**Номинирани нови членови на лоби-групата за родова еднаквост при ЗЕЛС**

Лоби-групата за родова еднаквост при ЗЕЛС, во изминатиот период имаше активна улога во промовирањето на поголема примена на родовиот аспект во креирањето на локалните политики; во обезбедувањето на родово буџетирање; собирањето на статистички родови податоци со цел поголема еднаквост меѓу мажите и жените во рамките на секоја локална самоуправа. Лоби-групата е составена од градоначалнички, градоначалници и одреден број претседателки на општинските совети. На оваа седница беа номинирани нови членови во ова тело на ЗЕЛС кои ќе ги продолжат започнатите активности и ќе придонесат во лобирањето за донесување на соодветни законски одредби во оваа област. За членови во ова тело беа номинирани: Данела Арсовска, градоначалничка на Град Скопје; Габриела Илиеска, претседателка на Советот на Општина Битола; Изабела Павловска, претседателка на Советот на Општина Крива Паланка; Дарко Костовски, градоначалник на Општина Бутел; Костадин Костадиновски, градоначалник на Општина Струмица и Кирил Пецаков, градоначалник на Општина Охрид.

Управниот одбор ја усвои и Одлуката за спроведениот попис и утврдениот извештај за отпис на ствари во сопственост на ЗЕЛС. Во таа насока, предлогот беше едногласно прифатен и беше донесена Одлука со која ЗЕЛС ќе му донира на АДКОМ (Здружение на даватели на комунални услуги) уред за испитување/проверување на загубите на вода во водоводните цевки, а кој потоа бесплатно ќе може да го користат јавните претпријатија за свои потреби. Станува збор за уред добиен како донација за ЗЕЛС уште во 2005 година, но кој досега не бил употребуван.

**По три последователни отсуства од седници на Управниот одбор – смена со нов член**

Поради зачестеното отсуство од седниците, на дел од членовите на Управниот одбор, беше донесена Одлука со која се утврдува дека по три последователни отсуства на член на Управниот одбор, тој ќе биде сменет во согласност со Статутот на ЗЕЛС. Исто така, на седницата беше договорено да се примени систем на ротација на локацијата на одржување на седниците на Управниот одбор, односно седниците наместо само во административната зграда на ЗЕЛС да се одржуваат и во други општини, по покана од градоначалникот.

**Презентирана новата предлог-формула за распределба на блок дотациите за основно образование**

Од особено значење беше информацијата што ја изнесе претседателот на Комисијата за следење на системот на финансирање на единиците на локалната самоуправа, градоначалникот на Општина Радовиш, Ацо Ристов, за најавените промени, односно воведувањето на новата формула за распределба на блок дотации во основното образование. По поголемиот број спроведени анализи што

gjatë këtij proces deri më tani kanë kaluar këto komuna: Bogdanci, Veles, Qyteti i Shkupit, Gazi Baba, Ilinden, Strumica dhe Shtipi.

**U nominuan anëtarët e ri të Grupit të lobimit për barazi gjinore në kuadër të BNJVL-së**

Grupi i lobimit për barazi gjinore në BNJVL në periudhën e kaluar ka pasur rol aktiv në promovimin e realizimit më të madh të aspektit gjinor në krijimin e politikave lokale; sigurimi i buxhetimit gjinor; mbledhja e të dhënave statistikore gjinore me synimin për barazi më të madhe midis femrave dhe meshkujve në kuadër të çdo pushteti lokal. Grupi i lobimit përbëhet nga kryetaret e komunave, kryetarët e komunave dhe një numër i caktuar kryesuetaresh të këshillave komunale. Në këtë seancë u emëruan anëtarë të ri në këtë organ të BNJVL-së, të cilët do të vazhdojnë me aktivitetet e filluara dhe do të kontribuojnë në lobimin për miratimin e dispozitave përkatëse ligjore në këtë lëmi. Për anëtarë të këtij organi u nominuan: Danella Arsovska - kryetare e Qytetit të Shkupit; Gabriella Ilieska-kryetare e Këshillit të Komunës së Manastirit; Izabella Pavllovska – kryetare e Këshillit të Komunës së Kriva Pallankës; Darko Kostovski - Kryetar i Komunës së Butelit; Kostadin Kostadinovski - kryetar i Komunës së Strumicës dhe Kirill Pecakov - kryetar i Komunës së Ohrit.

Bordi drejtues miratoi edhe Vendimin për regjistrimin e realizuar dhe raportin e përcaktuar për shlyerjen e sendeve në pronësi të BNJVL-së. Në këtë drejtim, propozimi u pranua unanimisht dhe u miratua vendim me të cilin BNJVL do të donojë në ADKOM (Shoqata e ofruesve të shërbimeve komunale) aparat për kontrollin e humbjeve të ujit në gypat e ujësjellësit, ndërsa që pastaj falas do të mund të shfrytëzojnë falas ndërmarrjet publike për nevojat e tyre. Bëhet fjalë për donacion që BNJVL e ka marrë që në vitin 2005 por i cili deri më tani e ka përdorur.

**Pas tre mungesave të njëpasnjëshme në seancën e Bordit drejtues – zëvendësohet me anëtar të ri**

Për shkak të mungesës nëpër seancat e mbajtura, një pjese të anëtarëve të Bordit drejtues i është miratuar Vendim me të cilin përcaktohet se pas tre mungesave të njëpasnjëshme të një anëtari në Bordin drejtues, i njëjti do të zëvendësohet konform Statutit të BNJVL-së. Gjithashtu, në seancë u dakordua që të zbatohet sistemi i rotacionit të lokacionit të mbajtjes së seancave të Bordit drejtues, respektivisht, në vend të ndërtesës administrative të BNJVL-së të realizohen edhe në komuna tjera, në ftesë të kryetarit të komunës.

**U prezantua propozim-formula për shpërndarjen e bllok-dotacioneve për arsim fillor**

Mjaft i rëndësishëm ishte informacioni që e parashtroi kryetari i Komisionit për ndjekjen e sistemit të financimit të njësive të vetëqeverisjes lokale, kryetari i komunës së Radovishit, Aco Ristov, për ndryshimet e paralajmëruara respektivisht themelimi i formulës së re për shpërndarjen e bllok-dotacioneve në arsimin fillor. Pas numrit më të madh të analizave që i realizon MASH për përkrahjen e UNICEF është përcaktuar se deri më

ги реализирало МОН со поддршка на УНИЦЕФ, утврдено е дека досега за образованието не се одвојувани доволно финансиски средства и дека околу 89 % од блок дотациите во основно образование се трошат за плати и надоместоци за наставниот кадар. Училишната мрежа е неефикасна и неоптимизирана, односно 90 % од учениците наставата ја следат во централните училишта, а бројот на подрачните училишта е двојно поголем од оној на централните училишта. Просечниот однос наставник - ученик е намален од 18,7 ученици на еден наставник во учебната 2000/2001 до 10 ученици по наставник, во учебната 2021/22година, а годишниот трошок за основно образование по ученик, во нашата земја, во 2019 година изнесувал 1.007 евра, што е за пет до седум пати помал од земјите во Европската Унија, па и од оние во регионот. Оттаму се пристапило кон утврдување на основниот концепт на предлог-формулата која содржи четири компоненти: основна компонента; варијабилна компонента; приспособувачка компонента и развојна компонента. Новиот модел се темели на утврден стандард по ученик, кој постепено ќе се зголемува, а во развојната компонента, посочен е петгодишен период на приспособување на општините. Во овој петгодишен период општините треба да преземат активности за оптимизирање на трошоците со реалните потреби за обезбедување на квалитетно образование, во согласност со стандардните трошоци. Како примери беа посочени: мал број деца наспроти голем број наставници; полупразни училишни објекти; голем број училишни правни субјекти и друго. Предложениот модел треба да обезбеди транспарентна распределба на средствата. Овој предлог-модел во следните месеци ќе биде ставен на разгледување и дебатирање со општините, но и со сите останати релевантни субјекти.

**Агенцијата за планирање на просторот го отвора просторниот план на државата (2004 -2020 година)**

На овој состанок, градоначалникот на Општина Македонски Брод побара поддршка од Управниот одбор во обезбедување на поповолно решение за граѓаните и општината, предизвикано со просторниот урбанистички план на државата (2004 – 2020), според кој на територијата на општината е предвидена изградба на браната „Калуѓерица“, која досега не е изградена. Тоа ќе предизвика иселување на населението од повеќе села, замирање на туризмот поради поплавување на одредени заштитени природни богатства (пештери) и неможност за инвестирање во бизнис-зоната, поради неможноста да се обезбеди планска документација. Беше нагласено дека Агенцијата за планирање на просторот го отвора просторниот план на државата, па во таа насока, општините што имаат слични предизвици треба да реагираат навремено.

**Да се изберат пет приоритетни предизвици за решавање**

На седницата беа презентирани и систематизираните предизвици што општините ги посочија на доставеното барање од стручната служба на ЗЕЛС. Генерално, тие се поклопуваат со систематизираните ставови на ЗЕЛС, што беа ревидирани од овој состав на Управниот одбор на ЗЕЛС во минатата година. Беше посочено дека треба да се утврдат околу пет приоритетни предизвици на локалната власт, на кои ќе им се посвети големо внимание и заложби за

tani për arsim nuk janë ndarë mjete të mjaftueshme financiare dhe se rreth 89% nga bllok dotacionet në arsimin fillor shpenzohen për rroga dhe kompensime për kuadrin arsimor. Rrjeti i shkollave është joefikas dhe i pa optimizuar, respektivisht 90% të mësimit, nxënësit e ndjekin nga shkollat qëndrore, ndërsa numri i shkollave rajonale është dyfish më i madh nga ai i shkollave qëndrore. Raporti mesatar mësues-nxënës ka rënë nga 18.7 nxënës në një mësues në vitin arsimor 2000/2001 në 10 nxënës për mësues në vitin arsimor 2021/22, ndërsa shpenzimi vjetor i arsimit fillor për nxënës në vendin tonë në vitin 2019 ishte 1. 007 euro, që është prej pesë deri në shtatë herë më i ulët se vendet e Bashkimit Evropian, madje edhe ato në rajon. Prej aty u aderua që të përcaktohet koncepti bazë i propozim-formulës, që përmban katër komponentë: Komponenti bazë; Komponenti variabil; Komponenti i Përshtatshmërisë dhe Komponenti zhvillimor. Modeli i ri bazohet në një standard të përcaktuar për nxënës, i cili do të rritet gradualisht dhe në seksionin e komponentit zhvillimor, tregohet një periudhë përshtatjeje pesëvjeçare për komunat. Në këtë periudhë pesëvjeçare, komunat duhet të ndërmarrin veprime për optimizimin e shpenzimeve me nevojat reale për ofrimin e arsimit cilësor, në përputhje me shpenzimet standarde. Si shembuj u përmendën, një numër i vogël i fëmijëve kundrejt numrit të mësimdhënësve; objekte shkollore gjysmë të zbrazura; numër i madh i subjekteve juridike etj. Modeli i propozuar duhet të sigurojë shpërndarje transparente të mjeteve. Ky propozim-model në muajt e ardhshëm do të vendoset për shqyrtim dhe debatim me komunat, por edhe me të gjitha subjektet relevante.

**Agjencia për planifikimin e hapësirës e hap planin hapësinor të shtetit (2004-2020)**

Në këtë mbledhje kryetari i komunës Makedonski Brod, kërkoi përkrahje nga Bordi drejtues në sigurimin e një zgjidhjeje të volitshme për qytetarët dhe komunën, të shkaktuar me planin urbanistik hapësinor nga viti 2004, sipas së cilit në territorin e komunës është parashikuar ndërtimi i digës Kallugjerica. Kjo do të shkaktojë të shpërnguljen e popullatës nga më shumë fshatra, zbehja e turizmit për shkak të përmbytjes së pasurive natyrore të mbrojtura të caktuara (shpellat) dhe pamundësia për investim në zonën e biznesit, për shkak të pamundësisë të sigurohet dokumentacion planifikues. U përmend se Agjencia për planifikim hapësinore e hap planin hapësinor të shtetit, prandaj në këtë drejtim komunat kanë sfida të ngjashme që duhet që të reagojnë në kohë.

**Të zgjedhen pesë sfida prioritare për të cilat ekziston mundësia e zgjidhjes**

Në seancë u prezantuan dhe sistematizuan sfidat që komunat i parashtruan në kërkesën e dërguar nga shërbimi profesional i BNJVL-së. Në përgjithësi, ato përkojnë me Qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së, të cilat janë reviduar nga kjo përbërje e Bordit drejtues të BNJVL-së në vitin e kaluar. U theksua se duhet të përcaktohen rreth pesë sfida prioritare të pushtetit lokal, të cilave do t'u përkushtohet vëmendje e veçantë dhe përpjekje e madhe






нивно надминување. Беше договорено за приоритетноста за избор на петте предизвици да се дискутира на следната седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, по што ќе се побара состанок со Владата на РСМ.

Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, ги информира присутните дека следната недела е договорен состанок со министерот за финансии. Присутните утврдија дека освен претседателот, на состанокот ќе присуствува еден од потпретседателите на ЗЕЛС, како и градоначалникот на Општина Радовиш. Ќе се разговара за можностите за обезбедување на одредени поволности околу дефинирањето на цената што општините ќе ја плаќаат за јавното осветлување. Присутните посочија дека на овој состанок треба да се изнесат и предизвиците поврзани со потребата за измени во Законот за комунални такси, состојба предизвикана поради донесувањето на новиот Тарифник од летото 2022 година, од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, во кој тарифата за улично осветлување е исфрлена, односно повеќе не постои.

për tejkalimin e tyre. Është rënë dakord që prioriteti për përzgjedhjen e pesë sfidave të diskutohet në mbledhjen e radhës të Bordit drejtues të BNJVL-së, me ç'rast do të kërkohet takim me Qeverinë e RSM-së.

Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski i informoi të pranishmit se javën e ardhshme është dakorduar të mbahet mbledhje me ministrin për financa. Të pranishmit përcaktuan se përveç kryetarit në mbledhje d të merr pjesë edhe nënkryetari i BNJVL-së, si dhe kryetari i komunës së Radovishit. Do të diskutohet mbi mundësitë lidhur me sigurimin e leverdive të caktuara rreth definimit të çmimit që komunat e paguajnë për ndriçimin rrugor. Të pranishmit përmendën se në këtë mbledhje duhet të parashtrohen edhe sfidat lidhur me nevojën për ndryshimet në Ligjin për taksat komunale, gjendja e shkaktuar për shkak të miratimit të Tarifës së re nga vera e vitit 2022, nga ana e Komisionit Rregullativ për energjetikë dhe shërbime të ujit, në të cilën tarifa për ndriçim rrugor është anuluar, respektivisht nuk ekziston më.











ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**

tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk